КАКО ДА СЕ СПАСИМЕ
- БОГ ОДГОВАРА

„...Што треба да направам, па да се спасам?
- Поверувај во Господа Исуса Христа,
и ќе се спасиш ти и целиот твој дом!."
(Дела 16:30,31)

„... Учителе добар, какво добро треба да
направам за да имам живот вечен?
-Ако сакаш да влезеш во животот, пази ги заповедите."
(Матеј 19:16,17)

И з д а в а

Унија на Реформното движење на адвентистите на седмиот ден
Куманово, Моша Пијаде, 85

„Кога го слушнаа тоа, во срцата им стана мило, и му рекоа на Петра и на другите апостоли: **Луѓе браќа, што да правиме?**

- А Петар им рече: **Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исуса Христа за простување на гревовите; и ќе примите дар од Светиот Дух. Зашто за вас е ветувањето, за вашите деца и за сите што се далеку, што ќе ги повика Господ, нашиот Бог."**

(Дела 2:37-39)

УВОД

Бог е извор на сета мудрост и знаење. Првиот чекор кон Бога се прави со вера. Стравот Господов е почеток на мудроста, и колку повеќе Му се приближуваме, толку повеќе напредуваме во вистинското знаење и разбирање. Ние Му припаѓаме на Бога според создавањето, а исто така и според откупот преку Исуса Христа. Живееме и се движиме благодарение единствено на Неговата милост. Во нашата грешна природа не можеме да Го видиме и да останеме живи. „Бог е Дух и оние што Му се поклонуваат, треба да се поклонуваат со дух и со вистина“ (Јован 4:24).

Исус Христос е Божјиот Син, кој дошол од небото да му ја открие на грешниот човек славата на својот Отец. Преку Исуса стекнуваме сознанија за личноста на Бога, чија љубов кон паднатиот свет најмногу дошла до израз во жртвувањето на Својот сакан Син за откуп на човечкиот род. Бог нè љубел уште пред да Му се обратиме; и најмалку што можеме да сториме е да Му ја возвратиме таа љубов, пренесувајќи им ја на другите.

Оваа брошура јасно укажува на патот по кој треба да одат сите оние што сакаат да Го најдат Христа. Мнозина се прашуваат како да го започнат христијанскиот живот и како да го прифатат повикот на евангелската вест. Целта на оваа книшка е да даде одговор на тие прашања на начин што лесно ќе можат да го сфатат и старите и младите.

Сесрдниот читател на овие зборови ќе биде богато благословен и, кога ќе ги прими тие драгоцени вистини, своето искуство и радост ќе им ги пренесува и на другите.

ИЗДАВАЧИТЕ

„Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор.“

Исус Христос

Глава I

ДАРОТ НА ЖИВОТОТ

Животот ни е драгоцен дар што сме го добиле од Творецот. Малкумина знаат да ја ценат неговата вредност и се трудат да сфатат каква цел има Бог за нив. Милиони човечки суштества поминуваат по животната патека на оваа земја дури и без да Го познаваат Оној што им го подарил животот. Според првобитниот Божји план, предвидено е човекот да живее на повисоко рамниште од животинскиот свет и затоа кај секого од нас постои свест за Бога и спонтана желба да Му служиме. Дури и во незнабожечките земји гледаме како луѓето, настојувајќи колку-толку да го задоволат тој неминовен стремеж на својата душа, обожаваат разни безживотни идоли или животни. Тој копнеж е неразделно поврзан со дарот на човечкиот живот, но кај мнозинството луѓе тој копнеж е некултивиран или изопачен.

Што е тоа идолопоклонство?

Сфаќајќи ја вистинската бесмисленост на обожавањето разни мртви идоли или измислени богови на кои луѓето некогаш им се клањале, мнозина денес отворено го отфрлаат постоењето на какво било божество или тврдат дека немаат време за вера. Меѓутоа, без оглед на презирањето што го покажуваат кон верата, останува фактот дека и тие веруваат во нешто — било да го признаваат тоа или не.

Идол е сè она што во човечкиот живот зазема прво место. Мнозина си служат самите себеси. Себичноста е карактеристика на овој век во кој живееме. Во Светото писмо се кажува дека љубовта кон парите или кон богатството претставува служење на Мамона (бог на златото). Не е грев да се има пари или богатство, но тие нешта стануваат идоли ако се употребуваат за себични цели. Секоја лоша навика или пракса во која се впуштаме станува дел од нашата природа и на тој начин се врзуваме како робови, покорувајќи му се на тој бог на кој сме му се предале.

Сè она што го обожаваме повеќе од Бога — човек, жена или дете, секое задоволство, забава или разонода — станува за нас идол и нè претвора во идолопоклоници.

Секој треба да знае дека постојат само два вида поклоници — оние што Му служат на вистинскиот Бог, Творецот на небото и земјата и Дародавецот на животот — и оние што му служат на сатаната, творецот на идолопоклонството. „Никој не може да им слугува на двајца господари: оти, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бога и на Мамона“ (Матеј 6:24).

Едно место за тебе

Оној што искрено ја бара вистината може да постави прашање: „Дали е вистина дека Бог има едно место за мене во Својот план? Ако е така, како можам да знам кое е

моето место за верно да ја исполнам својата должност?“ Не е наше да го бираме местото што треба да го заземеме, туку тоа треба да Му го препуштиме на Бога. Наша должност е да бидеме подготвени за службата кога Тој ќе нè повика:

„Но Божјата цврста основа стои непоколебливо, имајќи го овој печат: ‘Ги позна Господ своите’ и ‘да отстапи од неправдата секој што го произнесува името Господово!’ Во голем дом има не само златни и сребрени садови, туку и дрвени и земјени; едните се за почесна употреба, а другите за нечиста. И така, ако некој се очисти од тоа, тој ќе биде сад за почест, осветен, приспособен за употреба на господарот и приготвен за секое добро дело“ (2. Тимотеј 2:19–21).

Садовите во Божјиот дом што се споменуваат овде ги претставуваат мажите и жените. Едни служат за чест, други за срам. Прифаќајќи ја вистината, ние се чистиме и се облагородуваме, со што се приготвуваме за Неговата служба.

Неопходна подготовка

Целта на нашиот живот е мошне јасно изложена во Светото писмо. Секој што сака да ја дознае смислата на животот може тоа да го најде јасно изложено во таа драгоцена Книга. Таа е толку едноставна што и едно дете може во неа да го најде вистинскиот пат, а сепак толку неисцрпна во своите недосегливи ризници на вистината, што и најмудриот филозоф може постојано да учи. Во Својот план Бог одредил човекот да постигнува најголема среќа преку одржување врска со својот Творец. Вековниот Божји непријател, сатаната, ја изопачил човековата природа и ги заслепил неговите очи, така што Божјата слава да остане скриена од него.

Планот на спасението е така составен што секое човечко суштество да биде опфатено со неговите одредби и на секого му се дава можност да најде своја среќа и свое место во Божјата служба. Земниот живот е само трка чијшто крај е победа или пораз. Меѓутоа, на сите им е осигурена победа кога со скапоцената крв на Исуса Христа ќе се помират со Бога. Само Бог може да ни даде сила да победиме во таа трка.

„Не знаете ли дека оние што се натпреваруваат на тркалиште трчаат сите, но само еден добива награда? Па така трчајте и вие, за да добиете“ (1. Коринтјаните 9,24).

Овој живот е мошне краткотраен и претставува само школа што нè подготвува за вечен живот, кој започнува при второто Христово доаѓање.

Одлагање на денот на спасението

Мнозина немаат никаква повисока цел во животот освен да живеат заради добивка и за задоволување на личните телесни желби. Тие стекнуваат богатство, чест, куќи и различни предмети од материјална природа и целосно се проникнати со грижите на овој свет. Еднаш Исус изнел споредба за богат човек кој, според светските мерила, постигнал успех:

„И им кажа парабола и рече: На некој богат човек нивата му беше родила многу. И мислеше во себе, велејќи: ‘Што да правам? Немам во што да ги соберам плодовите свои.’

Па рече: ‘Вака ќе направам: ќе ги урнам амбарите свои и ќе сосидам поголеми, и таму ќе го соберам сето свое жито и сите свои добра. И ќе ѝ речам на душата своја: Душо, имаш многу добра, приготвени за многу години; јади, пиј и весели се!’ Но Бог му рече: ‘Безумниче, ноќеска ќе ти ја побарам душата твоја; тоа што си го приготвил, кому ќе му остане?’ Така бива со оној што собира добра за себе, а не се богати во Бога“ (Лука 12:16–21).

Таа споредба укажува на еден вид луѓе кои успеале да стекнат богатство и удобности во овој живот. Меѓутоа, наместо да се задоволат со неопходните животни потреби, тие постојано настојуваат да стекнат сè повеќе и повеќе. Мнозина се лажат со мислата дека, кога ќе си обезбедат земно богатство, подоцна ќе имаат доволно време да се посветат на Бога; но тој план ретко се остварува. Без дополнително предупредување, тие го слушаат сериозниот глас: „Ноќеска ќе ти ја побарам душата твоја; тоа што си го приготвил, кому ќе му остане?“ Сето богатство што го собрале преминува во рацете на други, кои можеби немаат време да мислат на спасението и верата. Така, не само што го лишиле Бога од еден живот на служба, туку дури ни при смртта не се погрижиле за Неговото дело. Тие напразно го поминале својот живот, не сфаќајќи ја неговата вистинска смисла и, што е уште пожалосно, ништо не сториле за вечниот живот.

Кога би ги употребиле даровите што им се доверени за помагање на евангелието за Божјото царство, примајќи ги солзите на сиромашните и на неволните и ублажувајќи ги нивните неволји, тие луѓе лесно би можеле да си обезбедат небесно богатство. Тие би можеле да им пружат поддршка на Божјите слуги, кои сето свое време го посветуваат на Неговата служба. Нивното богатство би можело да биде употребено за основање малечки установи наменети за болните и страдалниците. Но останува жалниот факт дека со смртта, која не чека на никого, за мнозина вратата за таква можност засекогаш е затворена.

Уште поголем е бројот на оние кои одвај ги намируваат своите животни потреби. Кога до нив ќе допре евангелската вест, тие обично не се решаваат да го прифатат повикот на животот преку Христа. Тие го одложуваат Божјиот повик за некое подоцнежно време, кога ќе стојат подобро, сметајќи дека тогаш полесно ќе можат да Го следат Христа. Во една друга споредба Исус ги опишува карактеристичните изговори на оние што преминуваат преку евангелскиот повик како преку нешто помалку значајно.

Те молам, извини ме!

„А Он му одговори: Еден човек приготви голема вечера и покани мнозина. И кога беше време за вечера, го прати слугата свој да им каже на поканетите: ‘Дојдете, оти сè е готово!’ И почнаа сите, како договорени, да откажуваат. Првиот му рече: ‘Купив нива и ќе треба да одам да ја видам; те молам, извини ме!’ Вториот рече: ‘Купив пет чифта волови и одам да ги пробам; те молам, извини ме!’ Третиот рече: ‘Се оженив и затоа не можам да дојдам’“ (Лука 14:16–20).

Ниеден од наведените изговори не бил заснован на некоја вистинска потреба. Човекот што морал да излезе да ја гледа нивата веќе ја купил. Неговата неодложност да ја погледне може да му се припише само на фактот дека тој сиот свој интерес го насочил

кон тоа. И воловите веќе биле купени; разгледувањето на тие волови служело само за задоволување на интересите на купувачот. И третиот изговор немал никаква оправдана основа. Фактот што повиканиот човек се оженил не морал да го спречи неговото присуство на гозбата, зашто можел да ја доведе и жена си, која би била радо примена. Но тој имал сопствени планови за уживање и тоа му било многу поважно отколку да присуствува на гозбата и да го исполни своето ветување. Тој научил да бара поголемо задоволство во друштво на други отколку во друштво на својот гостопримач. Тој дури не молел ниту за прошка, и во неговото одбивање нема ниту привидна учтивост. Изговорот „не можам да дојдам“ бил само прикривање на вистината: „не ми е грижа“ или „не сакам да дојдам“.

Сите овие изговори покажуваат дека мислите на повиканите луѓе биле проникнати со други работи. Повикот на гозбата за нив имал споредно значење, а великодушниот гостопримач бил навреден од нивната рамнодушност.

За да може да се прими повикот за евангелската гозба, сите световни интереси мора да се потчинат на една цел — да се прими Христос и Неговата праведност. Бог дал сè за луѓето и поради тоа Тој го бара од нив она што Му припаѓа. Затоа Божјата служба треба да се стави над сите земни и себични потреби. Бог не може да прими поделено срце; срце со кое владеат земни склоности не може да Му се предаде на Бога… (Христови очигледни поуки, стр. 207–208).

План на сатаната е да ги измами и да ги заведе оние **што** би можеле да бидат голем благослов за Божјото дело. Тој постојано ги наведува да мислат само на себе, изопачувајќи го на тој начин нивниот разум и нивното расудување. Времето, даровите, здравјето, средствата и енергијата се користат за задоволување на личните телесни желби, со што се злоупотребува Божјата доброта и се омаловажува Неговата љубов. За сите тие благослови и предимства што ни се доверени, мораме еден ден да дадеме сметка за тоа како сме ги употребиле.

Радосен што сум достоен

Сè уште има такви кои се гладни и жедни за правда. Тие Го запознале Исуса и големата жртва поднесена за откуп на паднатиот човечки род. Насочувајќи го својот поглед кон Него, работите на овој свет им стануваат необично темни и безвредни, и тие копнеат само за Неговото проштавање и мир. Заради Христовата љубов, тие сметаат дека никаква жртва што можат да ја поднесат не е прескапа, а најмалку што можат да сторат е сè што имаат да посветат на Неговата служба. Раширено е мислењето дека да се биде христијанин значи да се има нерасположено лице и да се живее стушен и тажен живот. Токму таков впечаток сака да создаде сатаната за да го изопачи Божјиот карактер. Тоа не значи да се биде христијанин. Службата на Христа е радост каква што светот никогаш нема да ја познава. Тоа е божествена радост која го преобразува целото суштество и му помага на христијанинот да може да биде изложен на понижување и прогонство, а сепак да се радува во Господа. Искуството на првите ученици ќе биде искуство на сите оние што вистински се обратени кон Господа: „А тие излегоа од Синедрионот радосни, зашто се беа удостоиле да поднесат навреди за името на Господа Исуса“ (Дела 5:41).

Глава II

ПОТЕКЛОТО НА ЗЛОТО

Потеклото на злото за мнозина претставува голема тајна. Секое разумно суштество што размислува е свесно за постоењето на некоја зла сила, спротивна на сè што е добро и право. Насекаде гледаме болест, страдање, жалост и смрт. Во секој лист што паѓа и во секој цвет што венее забележуваме знаци на проклетство што лежи над овој свет. Некои претпоставуваат дека тоа е природен ред на работите, но Божјата реч открива дека не е така. Бог не го создал злото. Злото потекнува од Луцифер, херувим-засолнувач, чие срце се возгордеало. Тој се побунил против Божјото владеење и станал сатана — противник, односно непријател.

Падот на сатаната

Меѓу денешните таканаречени христијани постојат мнозина кои многу малку знаат за падот на сатаната, а дури и некои од оние што тврдат дека Библијата ја сметаат за единствено правило на верата, го отфрлаат личното постоење на ѓаволот. На сатаната му се допаѓа таквата филозофија, зашто знае дека полесно може да ги прелаже луѓето кога тие не се свесни за неговото присуство и моќ. Тој од ништо не се плаши толку многу како од можноста неговиот план да биде откриен и христијаните да се пазат од неговото лукавство. Таква можност ни дава Божјата реч.

Христијанинот не може да се правда дека не го знае потеклото на злото и падот на сатаната. Вдахновените писатели на Стариот и Новиот завет јасно го опишуваат падот на сатаната и причината за тоа. Заради човештвото, пророкот Исаија го опишал тој трагичен настан:

„Како падна ти од небото, Денице, сине на зората! Се разби од земјата ти, кој ги угнетуваше народите. А во срцето свое си велеше: Ќе се искачам на небото, ќе го издигнам престолот свој погоре од Божјите ѕвезди и ќе седнам на гората зборна, на крајот од северот; ќе се искачам до висините на облаците, ќе бидам сличен на Севишниот. Но ти се урна во подземјето, во длабока провалија“ (Исаија 14:12–15).

Пророк Езекиел, во личноста на тирскиот цар, ја опишува возвишената положба што некогаш ја заземал Луцифер во небесните дворови и неговиот подоцнежен пад:

„Сине човечки, плачи за тирскиот цар и кажи му: вака вели Господ Бог: ти си печат на совршенство, полнота на мудроста и венец на убавината. Ти беше помазан херувим за да осенува, и Јас те поставив за тоа; ти беше на светата Божја гора, одеше среде огнени камења. Ти беше совршен во патиштата свои од денот кога беше создаден, сè додека не се најде во тебе беззаконие. Од убавината твоја се возгордеа срцето твое, поради богатството твое си ја загуби мудроста своја; затоа Јас ќе те соборам на земја, ќе те предадам на потсмев пред царевите“ (Езекиел 28:12,14,15,17).

„Сатаната некогаш бил почитуван ангел на небото, бил најблизу до Христа. Изразот на неговото лице, како и на другите ангели, бил благ и покажувал среќа. Челото му било широко и високо и оддавало голема интелигенција. Обликот му бил совршен, држењето

благородно и величествено. Но кога Бог му рекол на Својот Син: „Да создадеме човек според нашиот образ, како што сме ние“, сатаната станал љубоморен на Исуса. Тој сакал да биде прашан за совет во врска со создавањето на човекот. Но бидејќи тоа не се случило, се исполнил со гнев, со омраза и со љубомора. Тој сакал на небото да ужива најголеми почести — да стои веднаш зад Бога“ (Рани списи, стр. 145).

„Цело небо се радувало што ја отсјајува славата на Творецот и што ја величи Неговата правда. И додека Бог бил почитуван на овој начин, насекаде владееле мир и радост. Но еден нехармоничен тон ја нарушил небесната хармонија. Извишувањето на самиот себеси и служењето себеси, што е спротивно на планот на Творецот, разбудиле мрачни претчувства кај ангелот на кого прославувањето на Бога му било највисока должност. Небесниот совет расправал со Луцифера. Божјиот Син му укажувал на големината, добрината и праведноста на Творецот и на непроменливата природа на Неговиот закон. Сам Бог утврдил ред на небото, а Луцифер, отстапувајќи од него, го презрел својот Творец и самиот себеси се урнал во пропаст. Но опомената, кажана од неизмерна љубов и милосрдие, предизвикала уште поголем дух на противење. Луцифер дозволил со него да завладее завист кон Христа и станувал сè поупорен“ (Големата борба, стр. 385).

Овој опис покажува дека вистинската причина за падот на сатаната била гордоста, а потоа и пакоста, бидејќи сметал дека е запоставен што не бил прашан за совет во врска со создавањето на човекот. Од тоа јасно се гледа дека неговиот пад му претходел на создавањето на човекот.

Протерување од небото

Мудроста што се открива во Библијата е неспоредлива и во врска со вниманието што таа им го обрнува на подробностите. Протерувањето на сатаната последниот библиски пророк го опишува со следните зборови:

„И настана војна на небото: Михаил и неговите ангели војуваа против змевот, а змевот и неговите ангели војуваа против нив; но не устојаа, и за нив веќе не се најде место на небото. И беше исфрлен големиот змев — старата змија, наречена ѓавол и сатана, која ја мами целата вселена — беше соборен на земјата, и заедно со него и ангелите негови беа исфрлени. И чув висок глас на небото да зборува: Сега настана спасението и силата и царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Христос, бидејќи е симнат клеветникот на браќата наши, кој ги клеветеше пред нашиот Бог дење и ноќе. Тие го победија со крвта на Јагнето и со словото на своето сведоштво и не се грижеа за животот свој дури до самата смрт. Затоа веселете се, небеса, и вие што живеете на нив! Тешко вам, што живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слегнал при вас со голем гнев, оти знае дека му останува малку време!“ (Откровение 12:7–12).

Тоа силно ангелско суштество го нарушило мирот и хармонијата на вселената.

„Дури и кога е решено сатаната да не може повеќе да остане на небото, бесконечната Божја мудрост не го уништила сатаната. Бидејќи на Бога може да Му биде угодна само служба од љубов, верноста на Неговите созданија мора да се темели врз осведочувањето за Неговата правичност и доброта. Жителите на небото и на другите

светови, бидејќи не биле приготвени да ја сфатат природата и последиците на гревот, не би можеле да ја разберат Божјата правда и милост ако сатаната веднаш би бил уништен. Кога би бил веднаш уништен, тие на Бога би Му служеле повеќе од страв отколку од љубов. Влијанието на измамникот не би било наполно уништено, ниту пак духот на бунт би бил сосема искоренет. На злото морало да му се даде време да созрее. За добро на целата вселена низ сите времиња било потребно сатаната поцелосно да ги развие своите начела, со цел сите созданија во вистинска светлина да ги видат неговите обвинувања против божественото владеење; и Божјата правда, Неговата милост и непроменливоста на Божјиот закон никогаш веќе да не бидат доведени во сомневање.

Бунтот на сатаната требало да биде поука за целата вселена во сите идни времиња и вечно сведоштво за природата и страшните последици на гревот. Начелата на сатаната и нивното влијание врз луѓето и ангелите требало да покажат какви се плодовите од отстранувањето на божествениот авторитет и да посведочат дека со постоењето на божествената влада и на Неговиот закон е поврзана благосостојбата на сите суштества што ги создал Бог. Така, историјата на овој страшен бунт требало да биде постојана заштита за сите свети суштества: да ги сочува од погрешно сфаќање за тоа што значи престапот и да ги заштити од гревот и од неговата казна“ (Големата борба, стр. 388).

Не треба да мислиме дека таа војна на небото била војна со крвопролевање и колеж, како мнозина што претпоставуваат. Никаде не е запишано дека имало мртви и ранети, или скршени раце и нозе. Таа војна претставувала примена на небесната дисциплина за небото да се ослободи од борбата и незадоволството, а сатаната и паднатите ангели да се изолираат на оваа земја. Апостол Петар тоа го споменува со следните зборови: „Зашто Бог, кога не ги поштеди ангелите што згрешија, туку ги турна во пеколот и со вериги на мракот ги предаде да бидат пазени за судот“ (2. Петрово 2:4).

Тој суд се однесува на времето кога спасените ќе живеат на небото илјада години. Павле открива дека спасените дури ќе им судат на паднатите ангели: „Не знаете ли дека ангели ќе судиме? А колку повеќе за работите од овој свет?“ (1. Коринтјаните 6,3).

Бог дозволува тие паднати ангели да живеат и да делуваат на оваа земја со цел на целата вселена да се открие нивниот вистински карактер. По судот тие засекогаш ќе бидат уништени.

Глава III

ПАДОТ НА ЧОВЕКОТ

На првите страници на Светото писмо јасно е запишано дека Бог ја создал првата човечка двојка — Адам и Ева.

„Потоа рече Бог: Да создадеме човек според нашиот образ и подобие, како што сме ние, кој ќе биде господар над рибите морски, и над птиците небески, и над ѕверовите — над целата земја, и над сите гадинки што се движат по земјата. И го создаде Бог човекот според образот Свој, според образот Божји ги создаде; машко и женско ги создаде. И ги благослови Бог, и им рече: Плодете се и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа, и овладајте ги рибите морски, и ѕверовите и птиците, и сиот добиток, и со целата земја, и со сите животни што лазат по земјата“ (Создавање 1:26–28).

Инспирираната историја за создавањето на светот прв ја запишал Мојсеј. Пред тоа светата историја за почетокот на животот усно преминувала од татко на син. Библијата е единствена книга што содржи вистинит приказ за тоа како настанал овој свет. Тоа е најконцизен приказ што кога било е напишан, и во седум кратки глави опфаќа период од речиси 1600 години (од создавањето до потопот). И самата нејзина едноставност ја надминува моќта на мнозина кои себеси се сметаат за мудри и кои настојуваат да пронајдат некаква посложена теорија.

Откако била пронајдена печатницата, напишани се безброј книги и употребени се сите можни средства да се оспори науката на Библијата и да се објаснуваат теории според кои човекот настанал по пат на еволуциони процеси, а не со создавање. Изложени се многу теории, но секоја од нив морала да биде заменета со некоја нова, зашто подоцнежните откритија покажале дека се неточни. Среде тие бурни бранови на противречност, Библијата сè уште стои цврсто како карпа.

Светата историја ни кажува дека нашите прародители се создадени совршени и според Божјиот лик. Тие непосредно одржувале врска со Бога и добиле лични упатства за секоја гранка на својата дејност. Новороденчето, кое има само неколку денови, сепак инстинктивно ја препознава својата мајка и својот татко. Како ли било со Адама и Ева, кои биле совршени уште истиот ден кога биле создадени и соединети во брак? Стотици години тие сведочеле за личноста на Бога, Кого Го познавале како свој Татко. Следните генерации го сочувале тоа сознание и тие упатства како свето завештание.

Проверка на преданоста

Злото постоело уште пред Творецот да ја создаде оваа земја; и тоа не води потекло од оваа земја, туку земјата станала сцена на која борбата меѓу доброто и злото продолжува речиси 6000 години.

Првото навестување за опасноста што може да произлезе од тоа зло е дадено во 1. Мојсеева книга, во втората глава, во која читаме:

„И земајќи го Господ Бог човекот, кого го создаде, го воведе во градината Едемска, за да ја обработува и да ја пази. И му заповеда Господ Бог на човекот и рече: Од секое

дрво во градината можеш да јадеш. Освен од дрвото на сознанието на доброто и злото; од него не јади; зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш“ (Создавање 2,15–17).

Во тоа е дадено првото навестување за една опасност што постои и за можноста човекот да падне и да го загуби своето живеалиште во рајот. Наполно јасно било кажано дека натамошниот живот и среќата зависат од послушноста. Граничната линија била повлечена толку јасно што за каков било прекршок не можело да се најде никакво оправдание.

Измамени со лукавство

Од третата глава на книгата Создавање јасно се гледа дека Адам и Ева знаеле оти тоа зло постои. Непријателот веќе бил на оваа земја. Искушението било мошне лукаво и пресметано.

Како влегол гревот во животот на светата брачна двојка е изложено во следните стихови (Создавање 3:1–19).

Гревот, поради непослушноста, влегол во животот на човечкиот род. Тоа не била обична змија што ја струполила врз нас таа несреќа, бидејќи таа била само медиум (средство) со кое сатаната се послужил за да го оствари својот измамнички план. Кога би истапил отворено со своето искушение, Ева секако би одбила да стапи во разговор со него, во отсуство на својот маж. Меѓутоа, тој истапил преку посредник и така ја изненадил Ева. Сатаната секогаш дејствува со такви методи. Тој се крие од очите на луѓето и употребува човечко орудие, како што ја употребил змијата.

Првото прашање што ѝ го поставил на жената имало за цел да ја вовлече во разговор. Сатаната не прашал отворено кое дрво е забрането, туку поставил предизвикувачко прашање: „Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?“ Изненадена што змијата поставува такво прашање, Ева наивно побрзала да ја извести за големата слобода што ја уживаат и дека постои само едно дрво среде градината што не смеат да го гибаат, бидејќи поради тоа би настапила смрт.

Следниот потег на сатаната бил да ја протресе довербата на жената во Божјите зборови, предизвикувајќи сомневање во нивната вистинитост. Бог рекол: „Во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш.“ Сега сатаната тоа директно го побивал, велејќи: „Нема вие да умрете.“ Тој ветил дека тие ќе станат повисоки суштества и дека ќе стекнат поголемо знаење ако постапат спротивно од Божјата заповед. Поттикната е желбата за тоа забрането знаење и жената, која се оддалечила од својот маж, го прифатила понудениот плод. Навистина се чувствувала сосема поинаку и од почеток не сфатила дека го загубила своето совршенство. Се одделила од Бога и од својот маж и сега му се придружила на сатаната. Жената станала медиум во рацете на сатаната за понатаму да го продолжи искушението. Вдахната со таа нова сила и со чувство на должност, таа забранетиот плод му го понудила на својот маж. Иако знаел дека жената ја изневерила својата преданост кон Бога, тој решил да ја дели нејзината вина и го гризнал плодот.

Тој престап предизвикал одделување од Бога и истиот ден биле одвоени од дрвото на животот и станале смртници — подложни на смртта, а во нивното тело започнал процес на умирање. Биле протерани од Едемската градина, со тешка работа да го

одржуваат својот живот во јад, додека не се вратат во правот од кој биле земени.

Наш скриен непријател

Откако паднал, сатаната постојано дејствува по пат на измама. Затоа своите потези и планови ги држи во тајност, за окото на човекот да не може да ги забележи. Искуството од шест илјади години го научило дека своите цели може да ги постигне многу полесно ако ги прикрива.

Тој знае дека човечкото орудие е најефикасно за остварување на неговите планови. Библијата го означува со разни имиња, од кои секое претставува некоја фаза од неговата работа и дејствување. Тој прво е наречен Луцифер, син на зората, „ѕвезда Деница“, „херувим засолнувач“ итн., а по неговиот пад — „ламја“, „стара змија“, „ѓавол“, „сатана“, „кнез на овој свет“ и „кнез на мракот“. Тие називи покажуваат дека тој е Божји непријател, кој има одредена цел: да измамува и да уништува.

За време на мрачните векови, негова цел била Библијата да ја држи далеку од народот, а народот да го држи во незнаење и суеверие. Тогаш се покажале неговите карактеристики на „ламја“, а целта му била постигната со помош на ужасни прогонства и тиранија.

Сега, кога поминале мрачните векови и кога земјата ја осветлила светлината на Библијата и на научното знаење, тој се преобразува и доаѓа престорен во „светлосен ангел“. Тој е не само зачетник на злото, туку и творец на секоја лажна вера. Денес тој го извршува своето дело под плаштот на христијанството и покажува дека добро ја проучил Библијата.

Живот по гробот

Речиси сите таканаречени христијани цврсто веруваат во доктрината дека човекот има „бесмртна душа“ и дека смртта се состои само од премин од видливиот живот во невидлив. Тоа верување, прифатено денес во верскиот свет, потекнува од сатаната во Едемската градина. Зборовите што ѝ ги кажал тој на Ева биле наполно спротивни на Божјата одлука. Бог рекол: „Во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш.“ Измамникот тоа го побива, велејќи: „Нема вие да умрете.“

На тоа лажно верување се заснова филозофијата на старите Мисирци и Халдејци, на Грците, Римјаните и на сите незнабожечки вери уште од почеток. Тоа уверување довело до уште една голема измама — имено дека во оној миг кога човекот ќе умре, неговата „душа“ ќе одлета во небото ако е достоен, во чистилиште (таканаречено место за пречистување) ако не е премногу лош, или во пекол на вечни маки ако е вистински грешник.

Вистина е дека мнозина го виделе дејството на натприродните сили и дека на тој начин се увериле оти мртвите сè уште свесно постојат во една друга сфера. Тие слушнале гласови наполно слични со гласовите на оние кои одамна умреле, и многу други појави ги навеле да веруваат во бесмртноста на душата.

Две невидливи сили

Целото Свето писмо, од Првата книга Мојсеева до Откровението, непобитно сведочи за постоењето на две натприродни невидливи сили: добри и лоши ангели. Првите се добри ангели, кои секогаш Му стојат на располагање на Бога да ги извршуваат Неговите одлуки во полза на Неговите верни деца и да ги штитат од силата на злото. Другите се паднати ангели под власт на сатаната. Тие неуморно се трудат да ја остварат целта на својот водач, која се состои во измама и уништување на оние што одбиваат да му се потчинат. Должност на Божјата црква е да ги известува верниците за таа голема борба, да им ја објасни природата на тие добри и лоши ангели и со тоа да им овозможи да прават разлика меѓу силите што се борат за превласт. Лошите ангели се служат со сите средства да нè уништат, но добрите ангели, кои се многу посилни, готови се да се борат за нас.

Душата на човекот не е бесмртна

Буквалното учење на целата Библија е дека човековата душа е смртна. Зборот смртна значи подложна на смрт. Според Божјата реч, човекот го сочинуваат телото, душата и духот. Кога човекот ќе умре, телото се враќа во правот, а духот — кој е здив — се враќа кај Бога, Кој го дал.

Апостол Павле им се обраќа на верниците со овие зборови: „А сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè, и целиот ваш дух, душа и тело да се запазат без порок при доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос“ (1. Солунјаните 5:23).

И во Стариот и во Новиот завет зборот „душа“ на многу места се употребува да ја означи целокупната личност на еден човек. Кога го создал човекот, Господ му вдахнал животен здив и човекот „стана душа жива“. Во тој случај исто така можат да се употребат и зборовите „живо создание“ или „жив човек“. Пророкот Езекиел кажува: „Која душа ќе згреши, таа ќе умре“ (Езекиел 18:20). Според тоа, душата не е бесмртна.

Павле јасно кажува дека човекот нема бесмртност, како што тврдат мнозина: „Кој е единствен бесмртен и живее во непристапна светлина, кого никој од луѓето не го видел, ниту може да го види. Нему нека Му е чест и сила во сите векови. Амин!“ (1. Тимотеј 6:16).

Само со Христовите заслуги можеме да добиеме бесмртност: „Кој секому ќе му даде според неговите дела: живот вечен на оние кои со трпение во добрите дела бараат слава, чест и бесмртност“ (Римјаните 2:6–7).

Павле исто така кажува дека тој дар ќе биде даден при Христовото доаѓање, а не порано. Библијата содржи јасно сведоштво за тоа дека човекот при смртта престанува да постои како свесно суштество: „Живите знаат дека ќе умрат, а мртвите ништо не знаат, и веќе за нив нема награда, зашто и споменот за нив е предаден на заборавот; и љубовта нивна, и омразата нивна, и љубомората нивна веќе исчезнале, и ќе немаат дел довека во ништо што станува под сонцето“ (Проповедник 9:5–6).

Кога го дигнал Лазара од смртта, Христос не го повикал од небото, ниту од пеколот или од чистилиштето, туку од гробот: „Не чудете се на ова, зашто иде часот кога сите што се во гробовите ќе го чујат гласот на Синот Божји“ (Јован 5:28).

Зборувајќи за воскресението на праведните и на непокајаните, Христос кажува дека „сите што се наоѓаат во гробовите ќе го слушнат гласот на Божјиот Син и ќе излезат“. Кога би биле на небото, тие, слушајќи го Неговиот глас, би морале да слезат за повторно да влезат во телото. Кога човековата душа при смртта навистина би заминувала на небото и кога би била во состојба да се движи, да зборува и да мисли без мозок и да ги ужива небесните блаженства, тогаш зошто би била вознемирувана од таа слободна и среќна состојба за повторно да се оптовари со еден толку бесполезен предмет како што е телото?

За да ја оправдаат старата паганска (незнабожечка) доктрина за природната бесмртност на душата и доктрината за вечно мачење, многу современи вероучители се трудат таа погрешна теорија да ја поткрепат и со Светото писмо. Приказната за богаташот и за Лазара со таа намера погрешно се толкува, но оние што искрено ја проучуваат Божјата реч ќе увидат дека таа приказна е едно од најсилните сведоштва против теоријата за бесмртноста на душата. Таа приказна сведочи дека за мртвите ништо не може да се преземе кога ќе ја преминат бариерата на смртта. Дури и богаташот во приказната бил наполно уверен оти вечната судбина се одредува при смртта — било за вечен живот или за конечно уништување.

Глава IV

БОЖЈИ ПЛАН ЗА ОТКУП НА ЧОВЕКОТ

Бог не одредил на овој свет да дојде зло, но Тој однапред знаел за неговото постоење и создал план за спасение на човекот од гревот и пропаста. Планот бил создаден, но небесните суштества за тоа дознале дури по падот на човекот. Најголем проблем што кога било се поставил пред вселената бил прашањето како може да се спаси паднатиот човечки род, а правдата сепак да се одржи. Божјиот закон бил прекршен и затоа морало да се примени казна. Кога законот би можел да биде изменет, тогаш тврдењата на сатаната против Божјото владеење и против Неговиот закон би биле оправдани и со тоа паднатиот човечки род вечно би живеел во грев. Но тоа не би можело да се случи. Божјиот закон е израз на Неговиот карактер и затоа е непроменлив.

Само смртта на Оној што е еднаков со Бога и безгрешен можела да го задоволи барањето на прекршениот Божји закон.

Пророк Исаија ја опишува природната состојба на паднатиот човечки род и Божјата интервенција:

„Ете, раката на Господа не се скусила, та да не може да спасува, и увото Негово не отврднало, та да не може да слуша. Но беззаконијата ваши ве разделија од вашиот Бог, и гревовите ваши прават да го сокрива лицето Свое од вас, за да не слуша. И судот отстапи назад, а правдата застана далеку; затоа вистината се сопна на плоштадот, чесноста не можеше да влезе. И исчезна вистината, а кој се оддалечува од злото, се изложува на ограбување. И Господ го виде тоа, и на очите не Му беше мило што немаше суд. И виде дека немаше човек, се чудеше дека немаше застапник; тогаш Неговата мишка Му помогна и правдата Негова го поддржа“ (Исаија 59:1–2.14–16).

„Бог себеси се откри во Христа и ‘светот го помири со Себе’“ (2. Коринтјаните 5:19). Гревот толку многу го понижил човекот, што сам во никој случај не можел веќе да се подигне и да создаде хармонија меѓу себе и Оној чија природа е доброта и чистота. Но бидејќи Христос ги ослободил луѓето од проклетството на законот, можел и да им даде божествена сила да ја соединат со човечките напори. Така грешните Адамови деца можеле пак да станат „Божји деца“ (1. Јованово 3:2), со покајание пред Бога и со вера во Христа“ (Патријарси и пророци, стр. 33).

Еден нов елемент

Првата вест што му дала надеж на човечкото семејство е дадена со следните зборови:

„И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Он ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (Создавање 3,15).

„Божествената пресуда изречена над сатаната по човековиот пад било пророштво што ги опфаќа сите векови до крајот на овој свет. Таа укажува на големата борба во која ќе учествуваат сите човечки поколенија што ќе живеат на земјата.

Бог вели: ‘ставам непријателство.’ Ова непријателство не е нешто природно. Кога човекот го престапил Божјиот закон, неговата природа станала зла, а тој стапил во хармонија со сатаната, а не во непријателство со него... Кога Бог не би се вмешал,

сатаната и луѓето би склучиле сојуз против небото и, наместо да негува непријателство кон сатаната, целото човечко семејство би се соединило во бунтот против Бога.

Но кога сатаната ја слушнал изјавата дека ќе постои непријателство меѓу него и жената и меѓу неговото потомство и нејзиното потомство, знаел дека ќе бидат осуетени неговите напори да го расипе човечкото семејство и дека со некое средство човекот ќе биде оспособен да ѝ се противстави на неговата сила“ (Големата борба, стр. 393).

Принесување на жртви

Принесувањето на жртви е воведено пред самата врата на Едемската градина, кога нашите прародители биле оддалечени од Божјото присуство. Творецот им дал изрични упатства во врска со природата на жртвите што требало да ги принесуваат и со нивното значење.

„Жртвата за грев ја пропишал лично Бог со цел постојано да го потсетува човекот на неговиот грев и да го наведе покајнички да го признае и јавно да ја изнесе својата вера во ветениот Спасител. Овие жртви биле одредени на паднатиот човечки род да му ја влеат во главата свечената вистина дека гревот предизвикал смрт…“ (Патријарси и пророци, стр. 37).

Од Адам до Ное низа праведни луѓе го одржувале системот на принесување жртви. По потопот тие свети обреди свечено ги вршеле патријарсите Аврам, Исак и Јаков. Во текот на целиот свој патнички живот, тие секојдневно одржувале богослужение крај жртвениот олтар и со вера постојано го очекувале денот кога ќе дојде ветениот Спасител да ја плати казната за грев и да го искупи човекот.

„Нека Ми направат светиња“

Подоцна Господ ги одбрал синовите Израелови да бидат Негови застапници на земјата и им ја доверил Својата Реч. Била дадена следната божествена заповед:

„И му рече Господ на Мојсеја, велејќи: Да Ми направите светилиште, од каде што ќе ви се јавувам вам. При градењето на светилиштето и на сè во него постапи точно според мустрата што ќе ти ја покажам“ (Излез 25:1.8–9).

Градењето на шаторот била една од најсвечените задачи што кога и да е им е доверена на рацете на смртниците. Одвоени од какво било световно влијание, ним им се дала прекрасна можност и предимство целосно да Му се посветат на Бога и да се приготват за ширење на евангелието во светот. Кога тој народ би ја сфатил возвишената должност на која бил повикан, би можел да стане благослов за сите народи на светот. Тие доброволно приложиле материјал за шаторот и за службата во него, и со сопствени очи ги виделе плочите со Божјиот ракопис што сведочеле за заветот склучен со нив.

Предметите во светињата и во Светињата над светињите, олтарот за жртва и секој дел на шаторот, па дури и неговите предворја, сведочеле за планот на искупувањето.

Смислата на жртвената служба

„Секое утро и секоја вечер спалувано е на жртвеникот по едно едногодишно јагне. Освен тоа, принесувана е и храна што го претставувала секојдневниот дар подарен на Јехова од страна на народот и нивната постојана зависност од Христовата крв на помирување. Бог изрично заповедал дека секоја жртва што Му се принесува мора да биде здрава. Само здравата жртва можела сликовито да ја претстави целосната чистота на Оној кој требало да се принесе Себеси на жртва 'како простодушно и пречисто Јагне'" (1. Петрово 1:19).

„Најважен дел од секојдневното богослужение бил оној што се однесувал на службата на поединци. Грешникот кој се покајал донесувал своја жртва пред вратата на светињата и, ставајќи рака врз главата на животното, ги исповедал своите гревови и на тој начин симболично ги пренесувал од себе на невиното животно..." (Патријарси и пророци, стр. 302, 304).

Во обредниот закон е предвидено проштавање на гревот ако гревот се признае и се исповеда. Престап можеле да сторат поединци, управители, целиот народ или свештенството. Ниеден грев не можел да биде простен ако не се исполнат барањата на законот, и затоа било потребно да се жртвуваат животни и да се принесе крв за гревот, зашто без крв немало проштавање на гревот.

Во светињата исто така се наоѓал златен кадилен олтар. Ниедна служба не се одржувала без палење темјан, чиј прекрасен мирис преминувал зад завесата, зад која се наоѓале ковчегот и престолот на милоста.

Ден на помирување

Денот на помирување бил толку значаен што десет дена однапред посебно се најавувал со труби. За време на вршењето на завршната служба на тој свечен ден, само на првосвештеникот му било дозволено да влезе во Светињата над светињите и да принесе годишна жртва за целиот собир. Со тој обред сите гревови што се признати во текот на годината и што со посредство на крвта на жртвуваното животно симболички биле пренесени во светињата, конечно се пренесувале врз јарецот што го претставувал сатаната — зачетникот на гревот. По завршувањето на таа служба, сите се враќале дома радосни, знаејќи дека примиле Божја милост.

Иако не ја сфаќале во целост духовната смисла на таа служба, Евреите сепак биле известени во врска со Месијата што ќе дојде. Мнозина од оние кои денес тврдат за себе дека се христијани се наведени да веруваат дека службите на Стариот завет немаат за нив никакво значење. Меѓутоа, како можат да ја сфатат оригиналната служба откриена во Новиот завет (Евреите 8:1–5) ако не ги познаваат нејзините симболи откриени во старозаветната служба во шаторот?

Ако постоеле две различни служби во земниот шатор на Стариот завет — една секојдневна и друга еднаш годишно — тогаш како може тоа да се примени на небесната светиња, во која Христос е Првосвештеник? Оние што го очекуваат скорашното Христово доаѓање треба потполно да бидат запознати со примената на тоа учење. Оние што денес не обрнуваат внимание или го отфрлаат учењето за светињата и за нејзината вистинска смисла, всушност се приготвуваат за конечната измама.

Ние веруваме дека на Голгота е извршен целосен откуп на човечкиот род со Христовата крв. Меѓутоа, ние сме сè уште под обврска со вера да Го следиме Христа во

светињата и во Светињата над светињите додека не се изврши целосно очистување на небесната светиња.

„О да беше ги слушал моите заповеди! Тогаш твојот мир ќе беше како река, и твојата правда - како морски бранови.”

(Исаија 48:18)

Глава V

ЉУБОВТА НА ОТЕЦОТ

Најпознат и најчесто цитиран текст од Библијата е текстот во Евангелието според Јован 3:16: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде и Својот единороден Син, за ниту еден што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен.“ Божјата љубов го надминува сфаќањето на човечкиот ум, а зборовите се недоволни да ја објаснат нејзината големина. Зборувајќи за таа љубов, која дошла до израз преку Христа, апостол Павле го дава следното возбудливо сведоштво: „И преку верата Христос да се всели во срцата ваши, та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии, што е ширина и должина, што е длабочина и височина, и да ја узнаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3:17–19).

Гревот толку многу го заслепил разумот на луѓето, што тие не ја увидуваат бесконечната љубов што постојано ги опкружува. Не поминува ниту еден единствен ден а да не донесе со себе илјадници докази за таа сеопфатна љубов. Само луѓето се толку зафатени со секојдневните работи и со задоволствата, што немаат време за размислување. Секој чекор што ќе го сториме, секоја енергија што ќе ја покажеме, секој здив што ќе го вдишеме, секој залак што го земаме и секоја чаша вода што ја пиеме — сето тоа е израз на Неговата љубов. Убавината на шумите и полињата, планините и долините, бучните татнежи на океанот и благиот шум на потоците — сето тоа носи вест за Божјата љубов. Мелодичното цврцорење на птиците треба да разбуди кај нас чувство на благодарност кон нашиот Творец. Секое утро сонцето ја осветлува земјата со своите златни зраци, давајќи топлина, светлина и енергија. Месечината и ѕвездите на Божјиот небесен свод постојано сведочат за Неговата моќ и сила. Според прекрасните зборови на псалмистот: „Добар е Господ кон сите и жалостив кон сите Свои дела.“

Божјата љубов откриена во Христа

Целиот план на спасение се заснова на Божјата љубов. Најголемата жртва поднесена заради човечкиот род не е поднесена за да ја задобие нашата наклоност, туку за да нè спаси од гревот. Само преку Христа паднатиот човек може да ја запознае Божјата љубов, зашто без Него пропаста на целиот човечки род би била неизбежна. Главна тема на Библијата е планот на спасението. Тој Го открива Христа во Неговото отелотворение, Неговата служба, Неговите страдања и смртта на Голгота, Неговото воскресение и вознесување, како и Неговото посредување за човекот и Неговото славно царство. „Сите пророци сведочат за тоа дека секој што ќе поверува во Него ќе добие простување на гревовите преку Неговото име“ (Дела 10:43).

Бог ќе се погрижи за жртва

Верниот патријарх Аврам станал Божји пријател кога бил повикан да го жртвува својот син Исак, детето на ветувањето. Тој бил подготвен да ја поднесе таа голема жртва, со што Аврам ја докажал својата преданост кон Бога. Тоа била очигледна поука за Аврама и за неговото потомство, за да се покаже што значело за Бога жртвувањето на Неговиот Син. Од Христовото детство во Назарет, па до Неговото крштавање на Јордан, и од искушението во пустината до Гетсиманската градина и крстот, оставен ни е најголем доказ за Божјата љубов кон Неговите загубени деца.

Денешната генерација посветува многу малку мисли за Христа и за Неговата неспоредлива љубов што ја покажал кон нас, преземајќи ги на Себе нашите гревови. Таа се задоволува со сфаќањето дека Христос бил добар човек. Но Тој е нешто повеќе од добар човек. Христос бил Единствениот што можел да го спаси светот. Иако зел на Себе човечка природа, Тој сепак е Кнез на вселената. Во текот на целиот Свој живот на оваа земја, Тој кон сите покажувал нежна љубов и наклоност.

За човекот е природно љубов да возвраќа за љубов, а зло за зло, но божествената љубов ја надминува инстинктивната склоност на нашата природа и бара од нас на злото да возвратуваме добро, на омразата — љубов, и дури и кон нашите непријатели да покажуваме трпеливост и понизност. Мнозина се готови својот живот да го изложат на опасност заради своите пријатели и заради своето семејство, но каде е човекот што би го дал животот за својот непријател? Тоа можела да го стори само Христовата љубов.

Сатаната поттикнува дух на неблагодарност. Оние што го следат него во неговиот бунт покажуваат ист дух, одговарајќи со омраза и со пакост на љубовта и доброчинството. Целата вселена учествувала во големата жртва кога нејзиниот сакан Законодавец ги напуштил небесните дворови за да учествува во страдањата и во неволјите на човечкото семејство, носејќи го бремето на вината и срамот. Кога постои таков непобитен доказ за љубовта што ја надминува моќта на сфаќањето, каков срам за нас е ако останеме рамнодушни!

Оние што ги читаат овие зборови треба себеси да си го постават следното прашање, а потоа да одговорат како што одговорил апостолот: „Кој ќе нè одвои од љубовта Божја: тага ли, неволја ли, или гонење, глад ли, или голотија, опасност ли или меч? … Ни височината, ни длабочината, ниту пак некоја друга твар ќе може да нè оддели од љубовта Божја во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 8,35.39).

Од сите страни се слуша неодложното прашање: „Што треба да правам за да се спасам?“ Одговорот што го дале апостолите бил толку јасен и изричен, што не може погрешно да се сфати:

„А Петар им рече: Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исуса Христа за простување на гревовите; и ќе примите дар од Светиот Дух. Зашто за вас е ветувањето, за вашите деца и за сите што се далеку, што ќе ги повика Господ нашиот Бог. И со многу други зборови сведочеше и ги молеше, велејќи: Спасувајте се од овој пакосен род“ (Дела 2:38–40).

Илјадници со задоволство ја прифатиле евангелската вест, радувајќи се во надежта на својата новопронајдена вера.

„А кога дојде на себеси, рече: ... Ќе станам и ќе отидам при татка си... И кога беше уште далеку, го виде таткото негов и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива.”

(Лука 15:17-20)

Глава VI

ВРАЌАЊЕТО НА ГРЕШНИКОТ

Мнозина и денес го поставуваат истото прашање од времето на апостолите: „Што треба да правам за да се спасам?“ Истото тоа прашање еден ден Му го поставил на Христа еден млад богат човек, кој сакал да дознае како може да учествува во Божјото царство. Прашањето гласело: „Учителе добар, што треба да направам за да добијам живот вечен?“ А Он му одговори: „Зошто ме нарекуваш добар? Никој не е добар, освен Единиот Бог.“ Одговорот бил јасен и одреден: „Ако сакаш да влезеш во животот, пази ги заповедите“ (Матеј 19:17).

Вистинско покајание

Горделивото срце ја одбива помислата на покајание и преобратување. Горделивите не чувствуваат потреба за ништо и затоа милостивиот повик што им го упатува Христос не наидува на никаков одглас кај нив. Денес мнозина се слични на фарисејот кој дошол во храмот да се моли на Бога. Кога влегол, видел еден цариник како се моли на Бога за милост и прошка. За разлика од цариникот, горделивиот фарисеј ги изразувал чувствата на своето срце со зборовите: „Кога застана, фарисејот вака се молеше во себе: Боже, Ти благодарам што не сум како другите луѓе: разбојници, неправедни, прељубодејци, или како овој цариник“ (Лука 18:11).

Колку често слушаме како и денес се повторуваат истите тие чувства кога евангелските барања им се изложуваат на оние што се задоволни сами со себе. Тие велат: „Јас живеам добар живот, се трудам да правам добро и живеам во мир со моите ближни. Не убивам, не крадам и не лажам и, колку што знам, не правам никакво друго зло.“ Тоа е глас на мнозина што ја отфрлаат најсвечената вест што кога било му е упатена на грешникот. Тоа се луѓе кои се облекле во облека на својата сопствена правда. Тие забораваат дека сите сме зачнати и родени во грев и дека сета наша правда во Божјите очи е како нечиста облека. Павле кажува: „Сите згрешија и ја загубија славата Божја“ (Римјаните 3:23).

Нам ни е потребен Спасител

Меѓутоа, има многу драгоцени души кои чувствуваат дека Спасителот им е потребен, но не знаат како да го почнат христијанскиот живот. Тие не можат да им се противстават на влијанијата што ги опкружуваат, па станале малодушни и речиси ја загубиле надежта дека ќе извојуваат победа. Тие бараат помош и, само ако некој би им го покажал патот, би се упатиле по него.

Друг вид луѓе, кои исто така чувствуваат иста потреба за измирување со Бога, стапуваат во врска со разни верски заедници. Тие се обесхрабруваат кога ќе ја видат моралната состојба на таканаречените христијански цркви и недостигот на побожност

што преовладува насекаде. Попусто очекуваат враќање на првобитната побожност; тие гледаат дека постои поголема љубов и приврзаност кон модата и кон задоволствата на овој свет отколку кон Божјите работи. Надворешниот изглед на верата, каква што постои денес, во голема мера е само превез со кој се покрива фактичката расипаност. Пророкот Езекиел јасно ја опишува општата морална состојба на христијанството: „И тие ќе доаѓаат при тебе како на собрание народно и мојот народ ќе седи пред лицето твое и ќе ги слуша зборовите твои, но нема да ги извршува; оти тие од тоа во устата своја си прават шеги, а срцето нивно се вовлекува по нивната лакомост“ (Езекиел 33,31).

Господ ги познава оние кои сесрдно ја бараат вистината и ќе стори тие да го слушнат Неговиот глас, кој им зборува во веста што им е дадена за денешно време. Тие радо ќе застанат на страна на оние што ги избрал Бог да ги објавуваат тие свечени вистини.

Покајанието значи жалење поради стореното грев и желба да се престане да му се служи на сатаната; тоа значи враќање кон Бога и кон Неговата служба. Покајничката душа изјавува: „Ја признавам својата грешност и жалам поради стореното грев.“

Првиот чекор кон покајание се состои во тоа да ја сфатиме својата безнадежна состојба и, верувајќи во Божјите ветувања, да ја бараме понудената помош. Тоа е пресвртница во човечкиот живот. Со еден чекор преминуваме од пораз во победа, од безнадежен очај во сигурност. Тој чекор може да се стори само со вера.

Враќањето на загубениот син

Во споредбата за загубениот син на божествен начин е одреден патот како можеме да се спасиме од нашата грешна состојба. Полн со сожалување, нашиот небесен Отец чека и копнее да се вратиме. Тој дозволува да нè снаоѓаат неповолни околности, како што се болест, тага и разочарување, само со една цел — да увидиме дека ни се потребни Божја милост и милосрдие и за да можеме да Му се вратиме.

„А кога дојде на себеси, рече: ‘Колку наемници при татка ми имаат леб во изобилие, а јас, пак, умирам од глад. Ќе станам и ќе отидам при татка си и ќе му речам: Татко, згрешив против небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници.’ Па стана и отиде при татка си. И кога беше уште далеку, го виде таткото негов и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива“ (Лука 15:17–20).

Само Божјиот Дух може да нè наведе да се решиме на тој чекор. Загубениот син никогаш не би се вратил кога би бил препуштен самиот на себе. Без поттик на Светиот Дух, тој никогаш не би донел правилна одлука. Меѓутоа, нему му било препуштено да го стори првиот чекор.

Дејството на вистинското покајание

Никој нека не мисли дека заробеникот на сатаната може лесно да се ослободи, без да наиде на силен отпор. Пречки се појавуваат одвнатре и однадвор, но искрената душа

сфаќа кој се бори против неа и затоа ја продолжува битката за слобода, сè додека конечно не извојува победа. Мнозина отстапуваат во таа прва проба и затоа никогаш не извојуваат победа и слобода. Поради безброј неуспешни обиди, нивниот отпор слабее. Главната причина за нивниот неуспех се состои во тоа што не се одделиле целосно од гревот.

Загубениот син извојувал победа со тоа што донел правилна одлука: „Ќе се вратам“ и „ќе го признам својот грев“. Кога донел такво решение, сè друго станало лесно. Таа споредба ја открива Божјата љубов кон грешникот што се кае. Кога Бог ќе нè увери дека сме во грешна состојба, тогаш не треба да се колебаме да се одвоиме од гревот и да бараме Негово проштавање.

Закхеј

Вистинското покајание значи да ги исправиме работите колку што стои до нас. Доживувањето на Закхеја е дадено како пример на вистинското покајание. Закхеј бил богат човек кој голем дел од своето богатство го стекнал на нечесен начин. Еден ден почувствувал неодолива желба да Го види Исуса, за кого толку многу слушал. Тој ден му се дала можност што тој целосно ја искористил. Колку убаво било што Христос не само што разговарал со него додека седел на дрвото, туку дури понудил да го придружува и да влезе во неговиот дом. Кога Христос ја изнел Својата вест, Закхеј стекнал длабоко уверение и јавно го изразил своето каење, давајќи свечено ветување:

„А Закхеј застана и му рече на Господа: ‘Господи, еве половината од својот имот ќе им ја дадам на сиромасите; и ако сум зел од некого нешто несправедливо, четворно ќе го вратам.’ А Исус му рече: ‘Денес дојде спасението на овој дом, зашто и тој е син Аврамов’“ (Лука 19:8–9).

Признавање на гревот

Оние што сакаат да се измират со Бога и да се уверат дека гревовите им се простени имаат само еден пат — да го признаат гревот. Вистинското признавање е услов потребен за проштавање и милост. „Блажени се оние, чии беззаконија им се простени и чии гревови се покриени. Блажен е оној човек, на кого Господ не му зема за грев, и во чија уста нема лукавство“ (Псалм 32:1–2).

Тие зборови прекрасно го изразуваат блаженството на душата која се вратила во Божјото семејство. Во нашата природа лежи да се изговараме и да се оправдуваме за своите лоши постапки и одговорноста да ја префрлуваме врз други. Целата историја на човечкиот род сведочи за таа човечка слабост. Кога гревот првпат се појавил на оваа убава земја, нашите прародители паднале под власт на сатаната и неговиот карактер преминал на нив. Прво ги навел на грев, а потоа, поради нивниот пад, нивното расудување се изопачило, па почнале да ги оправдуваат своите гревови.

Адам рекол: „Жената што ја здружи со мене ми даде од дрвото, та јадев.“ А жената исто така рекла: „Змијата ме измами, та јадев.“

Подвластувајќи го нивниот разум, сатаната ги употребил да ги изразат неговите сопствени чувства. Негова цел била одговорноста за појавата на злото да ја префрлат на Бога. Адам со своето оправдување Го обвинил Бога што му ја дал жената, додека жената, од своја страна, се обидувала да ги измие рацете од одговорноста и да ја обвини змијата, така што одговорноста пак паднала врз Бога затоа што ја создал змијата.

Секако забележувате дека таа слабост е длабоко вкоренета во срцата и на младите и на старите. Кога ќе згрешат и кога ќе им се обрне внимание на тоа, наместо понизно да се извинат, тие веднаш почнуваат да наоѓаат изговори и оправдувања за стореното зло. Мнозина, кога се присилени да ја признаат својата грешка пред доказите, на извесен начин се извинуваат, но тоа не е вистинско жалење поради гревот, туку само подготвува пат за натамошни измами.

Библијата јасно учи кој е единствениот начин на кој грешникот може да го признае гревот: „Кој ги крие престапите свои, нема да напредува; а кој се освестува и ги остава, ќе биде помилуван“ (Изреки 28:13).

На кого треба да му признам?

За мнозина голем проблем претставува прашањето кому треба да му ги признаат своите гревови, кога треба да ги признаат и како. Измислени се многу начини на кои луѓето се надеваат дека ќе добијат проштавање на гревот. Некои одат на долги поклоништа и се изложуваат на мачни страдања или се изолираат од животот, заминувајќи во некој манастир. Ние не се сомневаме во искреноста на тие кутри луѓе, бидејќи се заведени од оние кои ги сметаат за свои духовни водачи.

Меѓутоа, незнаењето не е оправдување кога ни се дава можност да ја запознаеме вистината. Оние кои намерно ги затвораат очите и ушите пред Божјата реч и пред денешната вест одговорни се што го занемаруваат јасното сведоштво на Речта Божја.

Мнозина кои му припаѓаат на христијанскиот свет погрешно ги толкуваат следните зборови од Светото писмо: „Исповедајте ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг, за да се исцелите; голема сила има усрдната молитва на праведникот“ (Јаков 5:16).

Системот на вообичаеното признавање се состои во тоа грешникот да ги изложи сите свои гревови пред еден исповедник, свештеник или пред некое друго лице, сигурен дека ќе му даде проштавање и ќе го ослободи од вината. Споменатиот стих во никој случај нема таква смисла. Апостолот тука сака да им каже на верниците дека треба да бидат искрени во своите меѓусебни односи едни со други и да го признаат секое зло што го сториле со збор или со дело против некој друг, за да можат да се исцелат и потполно да се соединат.

„Има гревови со таква природа што можат да му се признаат само на Бога, а има и такви што треба да им се признаат на поединците што страдале поради нив“ (Патот кон Христа, стр. 43).

Во Светото писмо се укажува на два вида покајници. Први се оние што длабоко жалат поради злото што го сториле и што увидуваат дека гревот ги одвојува од Бога и од нивните браќа, и затоа немаат мир додека злото не се исправи. Други се оние што не ги признаваат навреме своите гревови. Тоа покажува дека тие ја потхрануваат горделивоста

и сметаат дека, ако бараат проштавање, би го намалиле своето достоинство пред оние што ги навредиле.

Видлив пример за такво признавање ни дава горделивиот израелски цар Саул. Тој под притисок на доказите признал: „Згрешив, но сега укажи ми чест пред старешините на мојот народ и пред Израел“ (1. Самоилова 15:30).

Искуството на Ахан е опомена за оние што упорно го прикриваат својот грев. Кога, со Божјо чудо, градот Ерихон им бил предаден на Израелците, ним им било наредено да уништат сè и ништо да не земаат за себе, без оглед на скапоценоста. Сето злато, сребро и другите скапоцености требало да ѝ бидат посветени на светињата. Ахана го обзела алчност, па тајно пренел во својот шатор неколку шипки злато, сребро и скапоцена облека и ги закопал во земјата под својот шатор. Цел народ претрпел пораз поради тоа прикриено зло, но грешниот кривец сепак молчел. Му се дала доволна можност да признае, но нему идолот му бил помил од честа на народот. Тој признал дури тогаш кога Господ укажал со прст на него како на кривец. Не му била укажана никаква милост ниту проштавање, и тој бил уништен заедно со целото свое семејство, кое, заедно со него, го криело неговиот престап.

Историјата за предавникот Јуда на сите им е позната. Вечерта пред предавството, Христос на тој блуден ученик му укажал најдрагоцена можност да го признае својот зол план. Нашиот Господ со задоволство би му простил кога тој би бил готов со понизно покајание да ја признае својата вина и да моли за прошка. Дури и кога Учителот непосредно укажувал на него, тој сепак не се поколебал, туку учествувал во обредот за да изгледа дека тој не е предавник. На крај го признал својот грев и им ги вратил на свештениците триесетте сребреници — цената на крвта — но било премногу доцна. Потоа со самоубиство му ставил крај на својот живот, кој станал опомена за сите што не го признаваат својот грев.

Мнозина сметаат дека комплетната исповед е премногу понижувачка, па затоа се трудат да го намалат значењето на злото што го сториле, а сепак да го измијат своето име. Вистинското признавање е израз на вистинскиот и благороден христијански карактер.

На тие покајници им е упатена охрабрувачка вест за ставот што го зазеле апостолите: „Ако ги признаеме нашите гревови, верен е и праведен да ни ги прости нашите гревови и да нè очисти од секоја неправда“ (1. Јованово 1:9).

„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светите и свои на Бога, оти се утврдивте на темелите поставени од апостолите и пророците, каде што темелен камен е сам Исус...“

„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство, зашто се утврдивте на темелите поставени од апостолите и пророците, имајќи Го како камен темелник Самиот Исус Христос.“

(Ефесјаните 2:19,20)

Глава VII

ВЕСТ КОЈА СПАСУВА

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде и Својот единороден Син, за ниту еден што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3:16).

Божјата љубов е толку голема што го опфаќа секој човек, жена или дете кои се родени на овој свет. Тука сите луѓе се еднакви — било да е тоа царот на престолот или питачот на улица. Сите се грешници и на сите им е потребна Божјата љубов.

Меѓутоа, тој чудесен дар на вечниот живот може да им се даде само на оние што веруваат. Според тоа, првиот чекор што мора да го преземе грешникот е да верува. Од него не се бара да чека додека стане подобар или додека не ги совлада сите свои лоши навики. Исто така, од него не се бара да оди на далечно поклонишство на исток или на запад, во Ерусалим или во Мека. Ниту се бара некаква жртва за да се добие тоа драгоцено богатство. Сè што се бара од него е да верува и со вера да го прими ветениот Божји дар. При тој прв чекор од него не се бара веднаш да пристапи кон некоја црква или вероисповед. Од него се бара со вера да пристапи кон својот Творец и да Го прими Господа Исуса Христа како свој личен Спасител.

Но душите загрижено прашуваат: „Што е тоа вера? Како можам да верувам?“ На таквите и слични прашања можеме да одговориме дека верата мошне лесно може да се разбере. Верата е рака со која можеме да ја фатиме Божјата рака. Малечкото дете знае дека не може само да појде во широкиот свет, туку плашливо се држи за силната рака на својата мајка или татко, имајќи целосна доверба во нивната грижа. Тоа ништо не знае за патот по кој ќе оди, ниту за опасностите што можат да го снајдат. Тоа знае само едно — дека ќе биде сè добро додека цврсто ја држи таа рака.

Нашиот небесен Отец знае дека и ние, во духовен поглед, сме како малечки деца — слаби и нејаки, опкружени од сите страни со непријатели. Ние сами по себе немаме морална сила да му се противставиме на искушението. Сè што можеме да сториме е со вера да ја подадеме нашата рака и цврсто да се фатиме за Божјите ветувања.

Мнозина велат: „Не можам да верувам, немам вера.“ Други се незаинтересирани и затоа и не се обидуваат да ја сфатат верата. Меѓутоа, тие сепак во нешто веруваат. Ако еден човек се пријави за некоја работа, па му се вети вработување, тој ветувањето го прифаќа како стварност — иако тоа всушност е само ветување — но тој верува во неговото остварување и во определениот ден доаѓа да почне да работи. На друг му се потребни пари, па му се обраќа на некој свој пријател или на некоја банка. Ветувањето дека ќе му бидат дадени пари е доволна гаранција. Друг има намера да патува по море или со авион. Тоа не е така едноставна работа, и пред да тргне на патување тој мора да купи билет и да изврши други подготовки. Сето тоа се прави со вера дека бродот или авионот сигурно ќе стигнат на определеното место.

Ниеден паметен човек не го изложува без потреба својот живот на опасност. Тој се надева и верува дека ќе стигне на определеното место, а сепак колкупати се случува патниците на патот да ги снајде несреќа. Дали луѓето престануваат да патуваат со брод или со авион затоа што еден авион се урнал и сите патници го загубиле животот, или затоа што еден брод се судрил со леден брег среде Атлантикот? Секако дека не!

Кога луѓето можат да му веруваат на смртен човек, кој толку често не може да го одржи дадениот збор и изневерува, зошто би им било тешко да веруваат во Бога, кој никогаш не изневерил ниту ги напуштил оние што Му се обраќаат со цврста вера? Провалникот, убиецот или кој и да е друг злосторник верува дека ќе ја постигне својата цел. Илјадници луѓе ја полагаат својата вера во здруженија, синдикати, во политички странки и во разни лажни религии, верувајќи дека нивната работа е праведна и вистинита. Од тоа гледате дека луѓето од сите слоеви веруваат во нешто — во она што треба или што не треба.

Колку често оние што веруваат и се надеваат во своите сограѓани доживуваат само разочарување. Се даваат ветувања, можеби со добра намера, но искрснува нешто непредвидено. Можеби околностите не дозволуваат ветувањата да се исполнат, а можеби себичните интереси го наведуваат човекот да го повлече својот збор.

Божјите ветувања никогаш не остануваат неисполнети

Човекот може илјадапати да не ги исполни своите ветувања и своите добри намери, но нашиот небесен Отец никогаш не доживува неуспех. Имаме изобилство докази за тоа дека Господ никогаш не ги разочарува оние кои со непоколеблива вера се надеваат во Него. Тој се грижи за сите живи созданија и не прашува дали сме достојни за благословите што толку обилно ни се даваат. Секој ден Неговото сонце ја осветлува со своите зраци оваа земја. Кога ќе помине денот, без одлагање настапува ноќниот одмор. Годишните времиња се сменуваат по одреден ред, донесувајќи изобилна храна за човекот и за сите живи созданија. Дали Господ некогаш разочарал?

За да поттикнеме кај себе цврста вера и сигурност во Бога, наведуваме неколку докази за тоа како Тој се грижи за Своите деца. Кога претпотопниот свет ги преминал границите на Божјата милост и предизвикал Негова казна со потоп, Тој го сочувал Ное од бесот на пустошењето на водната стихија, која ги уништила сите оние што не Му верувале на Бога.

Тој не го заборавил Аврама кога како странец патувал по непозната земја. Тој го сочувал Исака, кој единствен меѓу незнабошците верувал во вистинскиот Бог. Тој бил со Јакова, кога во изгнанство се потпрел врз Бога со надеж дека жив и здрав ќе се врати во татковиот дом. Иако бил исцрпен до крајните граници на издржливоста во ноќта на искушението, кога се чинело дека смрт му претстои и нему и на неговото семејство, тој сепак се трудел со вера да се држи за раката која никогаш не го напушта искрениот верник. Дури кога почнало да осамнува, тој сфатил дека неговиот божествен „непријател“ бил Божји ангел, кој дошол да го благослови затоа што ја издржал проверката.

Кога ќе ве совлада некоја криза и кога ќе ве обземе сомневање и малодушност, и кога иднината изгледа мрачна и злокобна, фатете се со раката на верата за Божјите непоколебливи ветувања и бидете сигурни дека ќе настапи олеснување.

Спомнете си за доживувањата на Јосифа, кого го изневериле и го предале неговите родени браќа. Тој бил продаден како роб на незнабошци и туѓинци, но никогаш не ја заборавил поуката од детството и така, во мигот на неволја, се потпрел врз Бога. Тој не

само што станал благослов за Мисирците, туку и своето семејство го спасил од гладот што пустел.

Господ не ги заборавил ниту ги изневерил тројцата млади Евреи, кои заради својата вера биле фрлени во огнена печка, ниту Данило во лавовската јама, ниту Еремија во калливата дупка. Тој бил со сите Свои слуги во нивните неволји — со Петар и Јован, со Павле и Сила — и со секоја верна душа сè до денешен ден. Неговите ветувања никогаш не останале неисполнети. Зошто, тогаш, уште се притеснувате да се потпрете врз Него?

Оправдување со вера

Дури и меѓу оние кои тврдат дека се христијани има многу такви кои не ја сфаќаат смислата на едноставниот библиски израз оправдување. Разгледувајќи го тоа значајно прашање, треба да сфатиме дека зборот „оправдан“ значи дека човекот станува праведен или се смета праведен. Кога вистинскиот Судија ќе оправда еден човек, тогаш тој, без оглед на неговата положба во животот, е еднаков со небесното благороднишство. Тој станува не само верник на видливата црква на земјата, туку е почестен и со тоа што се смета за член на невидливата црква на небото.

На земниот суд често се случува да биде осуден невин човек, па подоцна ќе се докаже дека бил неправедно осуден. Пресудата се поништува и тој се прогласува за невин — со други зборови, станува оправдан пред законот на соодветната земја. Но овде се работи за човечкиот род изведен пред судот на небесната правда. Сите се прогласени за виновни и над нив виси смртна казна. „Зашто сите згрешија и ја загубија славата Божја“ (Римјаните 3:23).

Голем проблем на кој треба да се одговори е како еден виновник може да се оправда. Библијата содржи единствен одговор: „И виде дека немаше човек, се чудеше дека немаше застапник; тогаш Неговата мишка Му помогна и правдата Негова го поддржа“ (Исаија 59:16). „Но ќе се оправдаат преку дар, со Божјата благодат, а преку откупот во Христа Исуса“ (Римјаните 3:24).

Тој проблем — како да се биде праведен, а сепак да се оправда грешникот — се разложува на следните две прашања:

Божјиот закон

Непроменливиот Божји закон, во кој потполно се гледа карактерот на праведниот Бог, е мерило на Неговиот општ суд. Божјиот закон не е создаден да го оправда грешникот, туку да ја одржи правдата. Ако законот би можел да го оправда оној што ги крши неговите прописи, тогаш правдата би исчезнала од вселената, а наместо хармонија би настанал само неред. Пред целата вселена е докажано дека законот не може да се измени. Според тоа, човечкиот род би пропаднал без лична интервенција на Законодавецот. Законот го бара животот на грешникот. Никој друг во Божјата вселена не може да интервенира заради спасението на човечкиот род освен Христос. Христос умрел наместо грешникот. Казната е платена и грешникот е оправдан.

Божјата милост

„Зашто се покажа Божјата милост која ги спасува сите луѓе“ (Тит 2:11).

Тука се открива дека Христовото евангелие е величествена вест — дека грешникот може да ја прими Божјата милост. Тоа е општ проглас на милоста за заробените во темница, како што опишува пророкот Исаија: „Духот на Господа Бога е врз мене, зашто Господ ме помаза за да им благовестувам на бедните, ме испрати да лекувам сокрушени по срце, да им проповедам на заробените и на затворениците — отворање на темницата“ (Исаија 61:1).

Ситуацијата на човечкото семејство е слична на ситуацијата на еден злосторник осуден на доживотна робија. Тој издржал извесен број години и добро знае дека неговата судбина е решена. Меѓутоа, за време на годишнината на националниот празник им се дава помилување на извесен број осуденици. Управникот на затворот доаѓа кај казнетиот злосторник и го известува дека се наоѓа на списокот за помилување. Тој лесно би можел да каже: „Не верувам! Како може тоа да се случи? Ништо не сум сторил за да го заслужам тоа.“ Но не! Тој цврсто ја прифаќа понудата и заминува како слободен човек.

Можеме ли да замислиме дека управникот ќе му каже: „Јоване, сега си слободен човек, немој да водиш сметка за законите на државата; во врска со тебе, тие не постојат.“ Далеку од тоа да му понуди таква „слобода“, тој секако би рекол: „Јоване, сега ти се дава единствена можност да ја покажеш својата преданост и да бидеш исправен пред законот; доколку и понатаму го престапуваш, нема друг избор освен да бидеш вратен во затворот до крајот на твојот живот.“

Човечкиот род е спасен со милоста. Таа милост е незаслужена Божја благодат кон грешниците. Секој може да ја користи, ако верува во веста на евангелието. Не бара ништо да се плати за тоа — истото може да се добие бесплатно.

Сè што мора да стори грешникот е да верува во своето срце дека е така и со својата уста да признае, како што рекол апостол Павле: „Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение“ (Римјаните 10:10).

Дали е тешка задача да верувам дека Исус умрел заради мене и тоа да го признам со мојата уста? Напротив, тоа е почеток на христијанскиот живот — прв чекор што мора да го стори секој што сака да биде оправдан пред Бога.

Меѓутоа, можете да поставите разумно прашање: како почнува верата и на кој начин можам да ја стекнам? На тоа е даден јасен одговор: „Но како ќе Го призоват Оној, во кого не поверувале? Како, пак, ќе поверуваат во Оној, за кого не чуле? А како ќе чујат без проповедник? … И така, верата доаѓа од слушање, а слушањето — од словото Божјо“ (Римјаните 10:14,17).

Проповедникот на кого се мисли овде е оној кого Бог го признава и кој се согласува со учењето на Светото писмо. Оние кои од човечка уста ќе го слушнат величествениот повик на евангелската вест и кои веруваат во Божјата реч што им е изложена — примаат простување за своите поранешни гревови.

Има многу самоповикани весници во сите краишта на светот кои со збор и со перо тврдат дека Божјиот закон е укинат и дека христијаните немаат веќе никаква обврска

кон него. Можеби мнозина тоа го прават сосема искрено, сметајќи дека нивниот став е исправен. Кога тие за миг би застанале и би размислиле за ужасната одговорност што ја преземаат врз себе, би дошле до заклучок дека нивното тврдење нема никаква основа и дека таа теорија е само однапред донесен заклучок, кој нема никаква поткрепа во Светото писмо.

Кога законот би можел да биде укинат, зар не би било полесно да се укине законот отколку да се жртвува Христос? Жртвувањето на Христа, во кое веруваат и кое го проповедаат сите христијани, претставува сведоштво дека законот не може да се укине ниту да се измени, и тоа е најсилен доказ против оние проповедници кои изнесуваат такво тврдење. Прописите на законот мора да се исполнат. Кога Бог би го негирал Својот закон, тоа би значело исто што и кога би ја негирал Својата сопствена природа.

Глава VIII

ЖИВОТОТ НА ХРИСТИЈАНИНОТ

Почетокот на христијанскиот живот е дело на Светиот Дух. Не може да се даде подобро објаснување од она што го употребил Христос при разговорот со Никодим.

„А Исус му одговори: Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо; зашто, роденото од тело — тело е; а роденото од Духот — дух е. Ветрот дува каде што сака и гласот негов го слушаш, но не знаеш од каде иде и на каде оди; така е со секој човек роден од Духот“ (Јован 3:5,6,8).

Христос тука се прикажал како Творец на духовниот човек. Никогаш Евреите не чуле такви непобитни вистини какви што му биле кажани на тој учител во Израел. Иако меѓу еврејскиот народ важел како мудар и голем човек, Никодим бил изненаден од тие едноставни зборови за новото раѓање. И денес постојат учени и почитувани луѓе и големи проповедници, но сепак, слично на Никодим, тие ништо не знаат за новото раѓање. Само светиот живот може да докаже дека човекот е наново роден.

Мнозина тврдат дека се наново родени и поминале низ водно крштавање. Крштавањето е неопходно и на свое место, но тоа не дава „пропусница“ за влегување во Божјото царство без свет карактер.

Има многу начини на кои Божјиот Дух дејствува за да го наведе грешникот да се обрати, а вистински Божји синови се само оние кои на таков начин ги води Неговиот Дух. На некого Божјата реч може да влијае при читањето и ќе најде место во неговото срце. Други слушаат живо сведоштво од некоја посветена уста или им доаѓа до рака литература за сегашната вистина. Уверувањето до совеста може да дојде и преку сон. Болеста и жалоста можат да бидат благословени орудија што ќе го обратат нашето срце кон Бога.

Тоа не значи дека нашето срце целосно Му се потчинило на Бога, туку дека е зачнат свет живот и дека ќе се развива сè додека не постигнеме целосна големина на маж или жена во Исуса Христа. Примајќи го Божјиот дар, ние Го прифаќаме Христа како свој личен Спасител. Во врска со тоа Павле кажува: „Од Него сте и вие во Исуса Христа, кој за нас стана премудрост од Бога, и правда, и осветување, и откуп“ (1. Коринтјаните 1:30).

Во тој стих наполно е откриена смислата на зборовите „оправдан со вера“, што овде е поделено на четири фази.

1. **Премудрост.** — Со тој поим може да се опише почетокот на христијанскиот живот. „Почеток на мудроста е стравот од Господа; здрав разум имаат сите, кои според неа постапуваат. Похвалата Негова пребива вечно“ (Псалм 111:10).
2. **Правда.** — Со тој збор ни се кажува дека нашата сопствена правда во никој случај не нè препорачува пред Бога, туку нè оддалечува од Него. „Сите ние станавме како нечист човек, и секоја наша правда — како извалкана облека; сите попаѓавме како лист; а беззаконијата наши како ветер нè однесуваат. Нема никој кој би го повикувал Твоето име, кој би настојувал да се држи здраво за Тебе; затоа Ти го сокри лицето Свое од нас и нè остави да гинеме од беззаконијата свои“ (Исаија 64:6–7).

Тука Павле мисли на понудата на Божјиот Син да нè стори праведни и прифатливи

за Отецот. Примајќи ја облеката на Неговата правда, ние повторно сме примени во Божјото семејство. „Оправдувајќи се со вера, имаме мир со Бога преку нашиот Господ Исус Христос“ (Римјаните 5:1).

3. **Осветување.** — Откако ќе ни се простат гревовите и откако ќе бидеме примени во кругот на Божјото семејство, должни сме да ја покажуваме својата љубов и благонаклоност на тој начин што нема да дозволиме светот да ја извалка нашата облека. Делото на осветување е постепено дело и треба да трае во текот на целиот наш живот.
4. **Откуп.** — Со тој збор Павле го опфаќа целокупното дело на Христа како Откупител на светот. Тој не само што го проштава нашето беззаконие, туку ветува дека ќе нè ослободи од гревот и на крај ќе нè поведе со Себе во Своето царство. Тоа дело го опфаќа целиот план на спасение — не само првите чекори по добивањето на милоста, туку и целокупниот развој во христијанскиот живот кој нè приготвува за небото

Крштавање

Одредувајќи ја големата задача за проповедање на евангелието, Христос тука ја вклучил и заповедта за крштавање на оние што ќе поверуваат:

„А Исус, кога се приближи, проговори и рече: Ми се даде секоја власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот. Амин!“ (Матеј 28:18–20).

Тоа крштавање што го споменува Христос не е наменето за малечките деца, туку за оние што постигнале зрелост во сфаќањето и што можат да веруваат. Денес мнозина не го сфаќаат значењето на крштавањето, зашто поради погрешни поими станала општа пракса наместо оние што постигнале години на зрелост и одговорност да се крштаваат, (поправилно кажано — да се прскаат со вода) малечки деца. Исто така, мнозина кои биле крстени отстапиле од приврзаноста кон својот завет што го сториле при крштавањето. Но патот по кој се влегува во Божјото царство останува ист. Апостол Павле сметал дека крштавањето има големо значење и дека сите што сакаат да ги користат Божјите дарови треба да поминат низ тој свет обред.

На прво место, крштавањето ја претставува смртта, погребувањето и воскресението на Исуса Христа. „Откако се погребавте со Него во крштавањето, во кое заедно со Него и воскреснавте преку вера во силата на Бога, кој Го воскресна од мртвите“ (Колосјаните 2:12).

Тоа исто така ја претставува смртта на гревот, погребувањето на нашиот стар човек или на грешната природа. Како Христос што воскреснал од мртвите, така крштавањето, кога излегуваме од водата, го претставува нашето духовно воскресение за да почнеме нов живот во Духот. Крштавањето има своја вредност сè дотогаш додека го одржуваме својот завет и својата облека чиста. Крштавањето исто така го симболизира проштавањето на гревот и одвојувањето од светот и од секоја лажна вера. Крштавањето не се врши во име на која било црква или човек, туку во името на Отецот, Синот и

Светиот Дух.

Оправданиот грешник непосредно е поврзан со Божеството. Откако прописно овластен Божји слуга ќе го изврши обредот на крштавање, дури тогаш на обратеникот му се подава рака како на верник на црквата. За тој среќен настан Павле кажува: „И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и свои на Бога“ (Ефесјаните 2:19).

Мнозина се во недоумица во врска со прашањето кога ја примаат Христовата правда и дарот на милоста (благодатта).

„Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас — Божји дар е“ (Ефесјаните 2:8).

Секој што ги чита овие редови треба да сфати дека, ако Го примил Христа како свој личен Спасител, Божјата црква е должна да го приготви за свечениот обред на крштавање. Кога ќе се изврши крштавањето во името на Отецот, Синот и Светиот Дух, тогаш Христовата правда се пренесува на верникот.

„Христос крштавањето го сторил знак за влегување во Неговото духовно царство и одреден услов што целосно мора да го исполнат сите што сакаат да бидат признати како оние што го прифаќаат авторитетот на Отецот, Синот и Светиот Дух. Пред да најде во црквата свој дом, пред да го пречекори прагот на духовното Божјо царство, човекот мора да прими печат на божественото име: ‘Господ правда наша’“ (Еремија 23:6); (6. Сведоштво 58).

Глава IX

ДОМАШНИ ВО ВЕРАТА

Иако живееме среде христијанска цивилизација која се фали со голема светлина, сепак има многу такви кои не веруваат дека Бог има на земјата една црква или заедница. Секогаш имало такви луѓе и нив ќе ги има до крај. Иако тие не веруваат во црквата, сепак нивниот социјален инстинкт ги наведува да се здружуваат во разни клубови, здруженија итн. Тие сметаат дека тоа е доволно бидејќи ја задоволува нивната социјална желба.

Ништо на светот не може да ја замени црквата, зашто таа е пратеник на Бога и на Исуса Христа овде на земјата. Тогаш како може човекот да ја негира црквата на живиот Бог и истовремено да смета дека без црквата може да влезе во Божјото царство? Тоа е како кога човек би сакал да влезе во некоја странска земја без виза, зашто не сака да го признае нејзиниот конзул и авторитетот што тој го претставува. Секако дека тоа не би му се дозволило додека не помине низ легална процедура.

Господ ѝ дал авторитет и сила на Својата црква, но тоа не е никаква воена сила ниту полициски сили што се приготвени со сила да го принудат на послушност оној што ги крши земните закони. Силата и авторитетот на Божјата црква се засноваат на нејзината љубов за спасување на душите. Дури и кога е потребно црквата да ги дисциплинира своите верници — тоа се прави само од љубов кон Бога и заради нивното вечно добро.

Црквата е одговорна пред Бога за секој јавен грев што го толерира. Божјата љубов се заснова на праведни начела и тие начела се одржуваат со помош на строга дисциплина, како што барал сам Христос. Толерирањето на злоделата и попуштањето на гревот би довеле до изопаченост и до духовно слепило на црквата. „Вистина ви велам: сè што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото; и сè што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на небото“ (Матеј 18:18).

Бог има црква, но како можам да ја најдам?

Во сите земји гледаме големи и малечки групи поделени на противречни секти или вероисповеди, а сите тие тврдат дека веруваат во Бога и во Исуса Христа. Прашањето на оној што искрено бара одговор гласи: „Која е вистинската Божја црква? Кои се нејзините својства и како може таа да се најде?“

Грешникот кој го чул повикот на евангелието и се вратил кај Бога настојува да најде духовен дом. Меѓутоа, него го збунуваат многу гласови кои го повикуваат ваму или онаму. Како тукушто родено јагне кое од почеток не ја познава својата мајка, така новообратената душа може лесно да биде заведена додека, од искуство, не научи која е вистинската црква.

Му благодариме на Бога што имаме вистинита духовна мајка, а тоа е Божјата заедница. Секој што ги чита овие зборови треба да ја запечати во својата душа таа основна вистина — дека постои само една заедница која небото ја признава како Божја црква. Бог не може да прими ниту една друга црква, без оглед на нивните претензии. Тие се опишани во следните стихови на Библијата: „Во оној ден седум жени ќе се фатат

за еден маж и ќе речат: Свој леб ќе јадеме и своја облека ќе носиме, доста е само да се нарекуваме со твоето име — симни го од нас срамот наш“ (Исаија 4:1).

Тука се прикажани лажните цркви кои со задоволство го земаат Христовото име само да се прикрие нивната расипаност. Тие ниту најмалку не сакаат точно да се придржуваат кон Неговиот пример ниту да се прилагодат кон Неговото учење, зашто навикнале да живеат без Него. Бројот седум не е само знак на совршенството, туку и на расипаноста. Во овој случај тој се однесува на отпадничките цркви кои се на изглед побожни, но се откажале од нејзината сила.

Секоја црква има малку вистина, но само на вистинската Божја црква ѝ е доверена целокупната вистина. Тие разни цркви на многу начини настојуваат да го одржат своето влијание врз своето стадо. Она што им недостига во врска со вистината, обично го надоместуваат со традиции и со обреди, со човечки прописи, со општествени функции, со забави и со вешти програми, со цел верниците да бидат окупирани и врзани за црквата.

Небесни акредитиви

На ниедна црква не ѝ е дадено правото да се избира самата себеси. Изборот му е препуштен исклучиво на Христа, кој има право да ја избере Својата црква. Библијата не само што дава изобилство упатства за тоа што е вистина, а што заблуда, туку дава и доволно подробности за да можеме да ја препознаеме црквата која има небесни акредитиви. Вистинската Божја црква јасно ја обележуваат следните својства:

1. **Неа ја бира Бог лично и таа е идентификувана во Неговата Реч.** „Па сега, ако го слушате гласот мој и го пазите заветот мој, ќе ми бидете народ избран меѓу сите народи, зашто моја е земјата цела. И вие ќе ми бидете царство на свештеници и народ свет. Тоа се зборовите што ќе им ги кажеш на синовите Израелови“ (Излез 19:5–6).

   „Вие не ме избравте мене, но Јас ве избрав вас и ве поставив да одите и да принесувате плод, и плодот ваш да остане, и што и да посакате од Отецот во мое име — да ви даде“ (Јован 15:16).
2. **Таа е изградена на Карпата или на цврстиот темел на Божјата реч.** „Зашто никој не може да постави друга основа, освен положената, која е Исус Христос.“

   „Но Божјата цврста основа стои непоколебливо, имајќи го овој печат: ‘Ги позна Господ своите’, и: ‘Да отстапи од неправдата секој што го произнесува името Господово’“ (1. Коринтјаните 3:11; 2. Тимотеј 2:19).
3. **Божјата црква и нејзините верници го прифаќаат повикот да излезат од овој свет** — ги напуштаат неговите навики, обичаи, задоволства и мода. „Не сакајте го светот и сè што е во него. Ако некој го сака светот, во него нема љубов од Отецот“ (1. Јованово 2:15).
4. **Оние што ја сочинуваат таа црква се сметаат како избран, посебен и свет народ.**

   „Кој се даде самиот себеси за нас, за да нè избави од секакво беззаконие и да нè

очисти, та да му бидеме народ избран, ревностен кон добри дела“ (Тит 2:14).

5. **Таа црква нема никакви национални граници** и неа ја сочинува универзално братство, меѓусебно поврзано со силни врски на љубов. „Христос го урнал ѕидот на поделбите, на самољубието и на националните предрасуди, учејќи дека треба да се сака целото човечко семејство. Тој ги издигнувал луѓето од тесниот круг што го одредува нивната себичност. Тој ги укинува сите територијални граници и сите вештачки создадени разлики меѓу човечкото општество. Тој не прави никаква разлика меѓу соседот и странецот, меѓу пријателот и непријателот; и нè учи секоја душа на која ѝ е потребна помош да ја сметаме за свој ближен, а целиот свет — за свое работно поле“ (Мисли од Гората, стр. 68).
6. **Јован Богослов таа црква, во своето пророчко видение, ја видел како победоносна црква.** Тој дава три значајни својства според кои таа се разликува од сите таканаречени цркви: „Тука е трпението на светите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исуса“ (Откровение 14:12).
а) Трпението на светите претставува готовност да се страда заради вистината.
б) Тоа е народ кој ги држи сите десет Божји заповеди, не само во мир и во благосостојба, туку и во време на неволји и страдања.
в) Тие имаат „вера Исусова“, „која еднаш им е дадена на светите“ (Јуда 3).
7. **Главното својство според кое се разликува вистинската вера од лажната** е означено во Светото писмо на следниот начин: „До законот и откровението! Ако некој не зборува според тоа, тогаш за него нема светлина“ (Исаија 8:20).
8. **Љубовта кон Бога се покажува во исполнувањето на Неговата волја**, изразена во Десетте заповеди: „Кој вели: ‘Го познав’, а заповедите Негови не ги пази, лажец е и вистината не е во него“ (1. Јованово 2:4).
9. **Божјата црква е едно тело, има една вера и со неа управува Светиот Дух.** „Трудејќи се да го запазите единството на Духот преку врските на мирот. Едно тело сте и еден Дух, како што сте и повикани кон една надеж на вашето звање. Еден е Господ, една е верата, едно е крштавањето“ (Ефесјаните 4:3–5).
10. **Нејзините верници решително ги чуваат своите тела како храм на Светиот Дух**, следејќи го во тоа примерот на Јован Крстител во неговата мисија при подготвувањето на патот за првото Христово доаѓање. Во јадењето, во пиењето и во облекувањето, тие се придржуваат кон начелата на Библијата како вистински здравствени реформатори. „И така, јадете ли, пиете ли, или нешто друго правите — сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринтјаните 10:31).

Овде се изложени основните својства според кои можеме да ја распознаеме вистинската Божја црква чиишто верници треба да бидеме. Да не дозволиме лесно да нè убедат тврдењата на оваа или онаа група луѓе, туку секое тврдење да го споредиме со словото и со Духот на Божјата реч, според горе изложените својства. Ако недостига макар и едно од тие својства, можеме да бидеме сигурни дека тоа не е Божја црква. Таа црква може да се спореди со човек кој патува со туѓ пасош.

Глава X

НАДЕВАЊЕ ВО БОГА

Божјата реч е неисцрпна ризница на поуки за луѓето од сите слоеви. Ниедна друга книга не може да се спореди со неа, бидејќи таа е комплетен патоказ на животот. Можеме да бидеме наполно сигурни само тогаш ако целосно се потпреме врз Бога, примајќи ги советите што ни ги дава Неговата Реч: „Верувајте му на својот Господ Бог и ќе бидете силни; верувајте им на Неговите пророци и ќе бидете среќни“ (2. Летописи 20:20).

Едно свечено предупредување што често се губи од вид и што се смета како безначајно, е дадено преку пророкот Еремија: „Така вели Господ: проклет да е оној човек што се надева на човек и кој телото свое го смета за сила, и чие срце се клони од Господа“ (Еремија 17:5).

Колку такви имало во минатото кои се потпреле врз телесната мишка, а денес исто така милиони ги изложуваат на опасност сопствените животи, надевајќи се повеќе во грешен човек отколку во Божјата реч. Библијата не учи дека не треба да имаме никаква доверба во своите ближни. Меѓутоа, таа учи дека не треба да го земеме човечкиот збор наместо Божјите зборови. Ние сме подеднакво одговорни пред Бога во прашањата од кои зависи нашето спасение и затоа не смееме да ја препуштиме таа значајна работа на грижа на другите, туку мораме сами да ја проучуваме Божјата реч.

Што да правиме со сомневањето?

Уште од човековиот пад, сатаната постојано настојува во душата на верниците да поттикне сомневање во врска со Божјите ветувања. Сатаната добро знае дека душата потполно ќе ја оддели од Бога само ако успее кај неа постојано да го залева семето на сомневањето. Во обидот на Петар да оди по вода наоѓаме пример на христијанин кој поминува низ овој свет.

Петар сигурно одел сè додека својот поглед цврсто го држел насочен кон Христа, но искушувачот набргу го навел да се посомнева во Божјата моќ и тој веднаш почнал да тоне. Можела да гоњ спаси само Христовата милост. Сатаната ги наведува луѓето да се издигнуваат самите себе и да се гордеат со своите достигања. Тие себеси си ја припишуваат славата што му припаѓа на Бога. Божествената струја се прекинува и тие паѓаат. Тогаш сатаната се труди да го наведе грешникот да поверува дека за него нема проштавање.

Човечката природа е таква што ние сме склони да не им веруваме дури ни на своите најдобри пријатели. Дури и Јован Крстител, откако го прогласил Исуса за Божјо Јагне и видел како Духот слегува врз Него, доаѓал во искушение да се сомнева во Неговата божествена мисија. Но Јован знаел како да ги отстрани своите сомневања.

„И му рече: Ти ли си Оној што треба да дојде или да чекаме друг? Исус им одговори и рече: Одете и кажете му на Јована што слушате и што гледате: слепи прогледуваат и сакати проодуваат; лепрозни се очистуваат и глуви прослушуваат; мртви воскреснуваат и на бедните им се проповеда евангелието; и блажен е оној што не се соблазнува заради Мене“ (Матеј 11:3–6).

Иако Јован се посомневал во своето срце, тој никогаш не бил предавник, ниту пак отишол кај фарисеите да ги праша што мислат за Христа, туку му се обратил непосредно на Христа и бил наполно убеден со дадениот доказ.

Никогаш не треба да им се обраќаме на непријателите на нашата вера за да се распрашуваме, зашто тие не можат да ни дадат правилен и вистински одговор, туку треба да им се обраќаме на оние што ја познаваат вистината.

Понекогаш имаме причина да се сомневаме во оние во кои некогаш сме имале доверба. Нивните зборови и дела ја потресле нашата доверба, но тоа никогаш не може да биде случај во нашите односи со Бога.

„Бог не бара од нас да веруваме во нешто, а да не ни даде докази за нашето верување. Неговото битие, Неговиот карактер, вистинитоста на Неговите зборови се потврдени со докази што апелираат врз нашиот разум, а такви докази има многу. Но Бог не ја исклучил можноста за сомневање. Нашата вера мора да се заснова врз внатрешно сведоштво, а не на надворешни докази. Оние што се сомневаат ќе најдат за тоа причина, додека оние кои искрено ја бараат вистината ќе најдат доволно докази на кои нивната вера може да се потпре“ (Патот кон Христа, 66).

Иако сомневања можат да влезат во нашиот живот одвнатре или однадвор, иако можеме да дојдеме во искушение да се посомневаме во Бога или во Неговото водство, ние никогаш не треба да ја загубиме сигурноста во Него. „А Христос, како Син, е во Својот дом: Негов дом, пак, сме ние, само ако слободата и надежта, со кои се фалиме, ги запазиме до крај“ (Евреите 3:6).

„...Ако Светото писмо го отвораме без стравопочит и без молитва, ако нашите мисли и чувства не се насочени кон Бога или не се во хармонија со Божјата волја, тогаш нашиот разум наскоро ќе биде поматен од сомневање; и самото проучување на Светото писмо ќе го засили тоа сомневање.“

„...Молитвата е клуч во раката на верата кој ги отвора небесните ризници во кои се чуваат неизмерни богатства на Семожниот“ (Патот кон Христа, 66).

На ниеден друг не треба да се молиме освен на Бога и на Неговиот Син. Молитвата е отворање на срцето пред Бога како пред пријател. Чудесно предимство им е дадено на грешниците во сите околности и во секоја неволја да му се обраќаат на Бога како свој Татко. Меѓутоа, само молитвата не е доволна — врз нас лежи една должност. Сè што сме во состојба да сториме, треба да го сториме, а потоа мораме трпеливо да чекаме, знаејќи дека Господ никогаш нема да се откаже од оние што му се обраќаат. Молитвата може да биде јавна или лична.

Јавната молитва треба да биде кратка и концизна и никогаш не треба да биде исповед на нечистата совест без решителност да се отфрли гревот. Христос и Неговите апостоли ни оставиле пример за силата на молитвата. Тие се молеле и верувале и молитвата им била примена. Бог секогаш ќе ја прими искрената, сесрдна молитва на оние што увидуваат дека им е потребна помош во борбата против искушенијата на сатаната. Потребно е да се молиме за мудрост и за разбирање, особено кога ја бараме светлината и вистината во Божјата реч.

Молитвите и пофалните песни им донеле победа на војските на Израел кога оделе против непријателот. Божјите луѓе биле луѓе на молитва. Илија, Даниел, Немија и други се потпирале врз Бога и Тој ја подал Својата силна рака, давајќи им победа во нивната борба за правда.

Величествена ќе биде наградата кога верните работници ќе се соберат околу престолот на Бога и на Јагнето. Кога Јован како смртник ја видел Божјата слава, паднал како мртов — не можел да ја издржи таа сцена. Меѓутоа, кога Божјите деца ќе добијат бесмртност, тогаш ќе „Го видат каков што е“. Сите нивни гревови ќе бидат избришани и ќе можат да ја посматраат блескотната слава на Божјиот престол. Тие учествувале во Христовите страдања, соработувале со Него во планот на спасението и со Него ќе учествуваат во радоста кога ќе ги видат спасените души во Божјото царство.

Подготви се!

Драги читатели, подгответе се за доаѓањето на Спасителот на небесните облаци. Секој ден искоренувајте ја од своето срце љубовта кон пропадливите работи на овој свет. Научете од искуство што значи да се дружите со Христа. Подгответе се за судот, кога Христос ќе дојде, да бидете меѓу оние кои ќе заблескаат во славата на Отецот и Синот.

Свирејќи на златни харфи, ангелите ќе Го дочекаат Царот на славата и трофеите на Неговата победа — оние што ја испрале и што ја избелиле облеката на својот карактер во крвта на Јагнето. Победоносна песна ќе одекне низ целото небо. Христос победил; и Тој ќе влезе во небесните дворови придружуван од оние што ги спасил — како сведоци дека Неговата мисија на страдање и жртва не била напразна.

Воскресението и вознесувањето на нашиот Господ е непобитен доказ за победата на Божјите спасени над смртта и гробот и тоа претставува гаранција дека небото е отворено за оние што ќе ја исперат и ќе ја избелат облеката на својот карактер во крвта на Јагнето. Исус се вознел кај Отецот како претставник на човечкиот род, и Бог оние во кои се гледа Неговиот лик ќе ги доведе да ја гледаат Неговата слава и да учествуваат во неа.

Постојат домови за земните патници. Постои облека на правдата со венци на славата и со палми на победата. Во идниот свет конечно ќе ни стане јасно сè она што

нè збунувало во Божјото провидение. Тогаш ќе бидат објаснети работите што денес тешко можат да се разберат. Пред нас ќе се открие тајната на милоста. Таму каде што нашиот ограничен разум видел само збрка и неисполнети ветувања, ќе видиме најсовршена и најубава хармонија. Ќе увидиме дека бесконечната љубов ги одредила доживувањата што ни изгледале најтешки во животот. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа на Оној кој прави сè она што ќе нè снајде да биде за наше добро, тогаш ќе чувствуваме неискажлива радост и благодарност.

Во небесната атмосфера не може да постои болка. На новата земја нема да има солзи, жалост ниту погребни поворки. „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“ (Откровение 21:4).

Иако сè уште се наоѓаме среде сенките и ветриштата на земните активности, да ги имаме на ум среќата и благословот на иднината. Нашата вера треба да пробие секој мрачен облак и да Го види Оној кој умрел за гревовите на светот. Тој ширум ја отвора вратата на рајот пред сите што Го примаат во своето срце и што веруваат во Него. Тој им дава сила да станат Божји синови и ќерки. Затоа постојано нека нè храбри најскапоценото ветување — дека Господ наскоро ќе дојде, и таа надеж нека ги разведри нашите срца. „Зашто уште малку, сосема малку, и Оној што иде ќе дојде и нема да се забави“ (Евреите 10:37).

Се враќаме дома

Наскоро ние се враќаме во нашата првобитна татковина од која нашите прародители ги истерал нивниот грев. Оној што толку нè љубел и умрел заради нас, отишол да ни приготви станови во домот на Својот и нашиот Отец. Тоа Тој лично го ветил при разделбата со Своите ученици.

„Да не се плаши срцето ваше; верувајте во Бога и во мене верувајте. Во домот на мојот Отец има многу места за живеење. А да немаше, Јас ќе ви кажев. Одам да ви приготвам место. И кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам вас при себе, за да бидете и вие каде што сум Јас“ (Јован 14:1–3).

Таму нема да има никаква жалост ниту веќе ќе се слушне болно редење поради уништени надежи и закопана љубов. Наскоро ќе го посматраме крунисувањето на својот Цар. Оние чиишто животи биле скриени во Христа, кои на оваа земја воделе добра борба на верата, ќе заблескаат со славата на Спасителот во Божјото царство.

Наскоро ќе Го видиме Оној кон кого се насочени сите наши надежи во вечен живот. Во Неговото присуство ќе станат безначајни сите страдања и искушенија на овој живот. Насочувајте го постојано својот поглед кон горе и вашата вера постојано нека се зголемува. Таа вера нека ве води право по тесната патека, низ вратата на Божјиот град — во бесконечната слава на иднината, која е од онаа страна приготвена за откупените.

„Бидете трпеливи, браќа мои, до доаѓањето на Господа! Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго трпи за него, додека не добие дожд, ран или доцен. Па трпете и вие, укрепете ги срцата свои, оти доаѓањето на Господа се приближи“ (Јаков 5:7–8).

Се надеваме дека Господ ќе влијае врз срцето и разумот на секој читател за да го разбере и да го уважи Божјиот глас кој му зборува од овие страници. Оние чиишто срца се поттикнати, нека решат остатокот од својот живот потполно да му го посветат на Бога и на Неговата служба.

Не заборавајте оваа книшка да им ја препорачате и на другите за и тие да учествуваат во истите благослови. Колку среќни ќе бидете кога со своите заложби ќе спасите некоја душа од рацете на непријателот!